# Службен гласник

## на Општина Кавадарци

| Број 55 | 29.05.2020 година |
|---|---|

СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност за судско порамнување; | |
| Одлука за давање согласност за судско порамнување; | |
| Решение за објавување на Одлука за давање во закуп на недвижни ствари на Кп.бр.13709 КО Кавадарци 2 во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање; | |
| Одлука за давање во закуп на недвижни ствари на Кп.бр.13709 КО Кавадарци 2 во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање; | |
| Решение за објавување на Одлука за основање на Јавна Општинска Установа - Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци | |
| Одлука за основање на Јавна Општинска Установа - Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци | |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација на Основни проекти за поставување на фото-напонски панели од ДПООПТУ "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за примање донација -услуга за остварување на јавен интерес- реализирање на проект „За чисто и убаво Кавадарци" од Друштво за производство, трговија и услуги ЈА-МИ експорт импорт ДООЕЛ Кавадарци | |
| Одлука за примање донација -услуга за остварување на јавен интерес- реализирање на проект „За чисто и убаво Кавадарци" од Друштво за производство, трговија и услуги ЈА-МИ експорт импорт ДООЕЛ Кавадарци | |
| Одлука за примање донација на Основни проекти за поставување на фото-напонски панели од ДПООПТУ "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за примање на времено користење на движни ствари-персонални компјутери и давање на ТППЕ Кавадарци; | |
| Одлука за примање на времено користење на движни ствари- | |

| | |
|---|---|
| персонални компјутери и давање на ТППЕ Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за обезбедување на дополнителни парични средства за учество на општина Кавадарци во Под-Проектот„ Интегрирана програма за развој на туризмот во општина Кавадарци„ ; | |
| Одлука за обезбедување на дополнителни парични средства за учество на општина Кавадарци во Под-Проектот„ Интегрирана програма за развој на туризмот во општина Кавадарци„ ; | |
| Решение за објавување на Одлука За утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат; | |
| Одлука За утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат; | |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување на Тримесечен извештај за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2020 година; | |
| Одлука за усвојување на Тримесечен извештај за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2020 година; | |
| Решение за објавување на Одлука за усвојување на Тримесечен извештај за работа на МХЕЦ Лукар 1, 2, 3, и 4 ДООЕЛ Кавадарци за 2020 година; | |
| Одлука за усвојување на Тримесечен извештај за работа на МХЕЦ Лукар 1, 2, 3, и 4 ДООЕЛ Кавадарци за 2020 година; | |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци; | |
| Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање; | |
| Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање; | |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата; | |
| Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата; | |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување наОдлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| Решение за објавување на План за заштита и спасување на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| План за заштита и спасување на подрачјето на Општина Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Решение за именување на членови во Управниот Одбор на Јавна Општинска Установа-Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци; | |
| Решение за именување на членови во Управниот Одбор на Јавна Општинска Установа-Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Решение за именување на членови во Органот за внатрешна контрола на Јавна Општинска Установа-Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци; | |
| Решение за именување на членови во Органот за внатрешна контрола на Јавна Општинска Установа-Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за давање на времено користење без надомест ствари на „Храна за сите-Банка за храна Македонија -Скопје , за потребите на ЗГ„ ЕКО –ЖИВОТ„ Кавадарци за реализација на Проектот„НУЛА ГЛАД ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ„ | |
| Одлука за давање на времено користење без надомест ствари на „Храна за сите-Банка за храна Македонија -Скопје , за потребите на ЗГ„ ЕКО –ЖИВОТ„ Кавадарци за реализација на Проектот„НУЛА ГЛАД ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ„ | |
| Решение за објавување на Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци; | |
| Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈОУ Детска Градинка„Рада Поцева„ Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за примање и давање на трајно | |

| | |
|---|---|
| користење на движни ствари на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци; | |
| Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;<br>Решение за објавување на Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ„Киро Спанџов Брко„ Кавадарци; | |
| Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на СОУ„Киро Спанџов Брко„ Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци; | |
| Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари ООУ„Страшо Пинџур„ Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци; | |
| Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2020 година; | |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2020 година; | |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-107/2 од 26.05.2020 година за ослободување од плакање на партиципација од страна на родителите чии деца се корисници на услугите на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци; | |
| Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-107/2 од 26.05.2020 година за ослободување од плакање на партиципација од страна на родителите чии деца се корисници на услугите на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци; | |
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука со арх.бр.02-107/3 од 26.05.2020 година за отуѓување на стари и расходовани ствари; | |
| Техничка исправка од Комисја за статут и прописи; | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлука за давање согласност за судско порамнување**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање согласност за судско порамнување, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-3014/1
29.05.2020 година
Кавадарци

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК,
М-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## За давање Согласност за судско порамнување

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Кавадарци дава Согласност за склучување Судско порамнување за предметот кој пред Основен суд Велес се води под бр. **ТС1.48/19** каде како Тужители се јавуваат Друштво за производство, трговија и услуги СУПЕР ЈАЈЦЕ ДООЕЛ увоз-извоз с.Сопот Кавадарци, со седиште на ул.Илинденска бр.1 с.Сопот, Кавадарци, со ЕМБС6876536 и ЕДБ4043013513800, со е-маил: superjajce@gmail.com, со законски застапник и управител Душко Ѓорчев и Друштво за посебни намени Градски паркинзи КАВ ДООЕЛ Кавадарци, со седиште на булевар Моша Пијаде бр.31-б Кавадарци, со ЕМБС7208200 со е-маил: dusko_g@yahoo.com, застапувано од законскииот застапник и управител Душко Ѓорчев, од Кавадарци, двете преку Адвокат Трајче Наумов од Велес, ул.Никола Оровчанец бр.15-1/8 Велес, со е-маил: talnaumov@yahoo.com со регистрирано електронско сандаче: advokat.trajce.naumov во ОС Велес, а како тужени Општина Кавадарци, застапувана од Градоначалникот М-р Митко Јанчев од Кавадарци преку полномошник Адвокат Никола Тодоров од Скопје, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 4-18, со број на лиценца 4161, **е-mail: advokat@nikolatodorov.mk, со е- сандаче за судска достава: Nikola Todorov** , на име Надомест на материјална штета и испуштена корист, во вкупен износ од **51.937.295,00 денари**.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци, да го ополномошти адвокатот кој ја застапува Општина Кавадарци во овој предмет, да склучи судско порамнување со следната содржина:

”С У Д С К О  П О Р А М Н У В А Њ Е

1.Тужителот преку полномошник Трајче Наумов Адвокат од Велес **го повлекува и се откажува од дел од тужбеното барање на име побарување на материјална штета по основ на испуштена корист во износ од 48.316.159,00 денари**, а останува за делот од тужбено барање во износ од 1.852.159,00 денари кое се однесува на надомест на материјална штета по основ на платен концесиски надомест со законска казнена камата, сметано од 25.12.2019 како ден на поднесување на тужбата и тоа во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени сметано заклучно до 01.06.2020 година, како и во делот на тужбеното барање кое се однесува на надомест на материјална штета за активирана банкарска гаранција во износ од 1.537.375,00 денари зголемено за износот на трошоците за банкарска гаранција во износ од 58.857,00 денари, со законска казнена камата, сметано од 25.12.2019 како ден на поднесување на тужбата и тоа во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени сметано заклучно до 01.06.2020 година, и во делот од тужбеното барање кое се однесува на материјална штета за изготвен сообраќаен проект и набавен Сервер во износ од 128.166,00 денари за изготвениот проект и 44.900,00 денари за набавениот сервер, двата износи со законска казнена камата, сметано од 25.12.2019 како ден на поднесување на тужбата и тоа во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени сметано заклучно до 01.06.2020 година.

2.Тужениот Општина Кавадарци, **СОГЛАСНА Е** со вака прецизираното тужбено барање за **вкупен износ од 3.621.457,00 денари** зголемено за износот на законска казнена камата, сметано од 25.12.2019 како ден на поднесување на тужбата и тоа во висина на референтната стапка на НБРМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени сметано заклучно до 01.06.2020 година и **истовремено потврдува дека Е СОГЛАСНА најдоцна до 30.06.2020 година овој износ да му го исплати на Тужителот, зголемен за износот на трошоците на постапката во износ од 239.820,00 денари од кои на име адвокатски трошоци за состав на тужба во износ од 35.100,00 денари и трошоци за присуство на расправа во износ од 42.120,00 денари или вкупно за адвокатски трошоци износ од 77.220,00 денари, за трошоци за финансово-сообраќајно вештачење од Друштвото за вештачење Експерт витнес ДООЕЛ Скопје износ од 114.600,00 денари и за судска такса износ од 48.000,00 денари, а сето ова под страв на присилно извршување.**

3. Тужителите и Тужениот се согласни Тужителите да му ги предадат во сопственост и владение на Тужениот сообраќајниот проект изготвен од 24 ИНГ ДООЕЛ Битола и Серверот набавен од ДД-Ком ДООЕЛ Скопје во рок од 7 дена сметано од денот на склучувањето на ова судско порамнување.

4. Ова судско порамнување го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под **ТС1.48/19, па двете страни потврдуваат дека повеќе немаат никакви взаемни побарувања или долгувања** по било кој основ, а особено дека немаат било какви побарувања или долгувања кои произлегуваат од склучениот, а подоцна раскинат, договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на паркирање во општина Кавадарци кое се остварува како концесија за јавна услуга, заведен кај Тужениот под бр.21-2357/59 од 16.06.2017 година, солемнизиран од Нотар Благој Кичев, Кавадарци под ОДУ бр.552/17 на 12.07.2017 година."

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на Општина Кавадарци.

| | |
|---|---|
| Бр.08-2812/1 | СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ |
| 27.05.2020 година | Претседател, |
| К А В А Д А Р Ц И | Ристо Сакалиев |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање во закуп на недвижни ствари на Кп.бр.13709 КО Кавадарци 2 во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари на Кп.бр.13709 КО Кавадарци 2 во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-3014/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 3, 4, 37, 38 и 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16 и бр.21/18), член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), и член 82 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05,14/10,24/10,38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање во закуп на недвижни ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Да се дадат во закуп недвижните ствари на кп.бр.13709 КО Кавадарци 2, запишани во Имотен лист број 15775 издаден од Агенција за катастар на недвижности бр.1105-7136/2020 од 22.05.2020 година по пат на електронско јавно наддавање согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16 и бр.21/18) и тоа:

- Зграда број 1, намена - деловна зграда, влез 1, приземје, со внатрешна корисна површина од 73 м2 ул.“Вишешница бб”;
- Зграда број 2, намена - Д3-13 (други спортски и рекреативни објекти), влез 1, приземје, со внатрешна корисна површина од 96 м2 ул. “Вишешница бб” ;
- Зграда број 3, намена - Д3-13 (други спортски и рекреативни објекти), влез 1, приземје, со внатерешна корисна површина од 4 м2 ул. “Вишешница бб” ;
- Зграда број 4, намена - Д3-13 (други спортски и рекреативни објекти), влез 1, приземје, со внатершна корисна површина од 116 м2 ул. “Вишешница бб” ;
- Зграда број 5, намена - Д3-2 ( базен за пливање ), влез 1, приземје, со волумен од 3541 м3 ул. “Вишешница бб” ;

- Зграда број 6, намена - Д3-2 ( базен за пливање ), влез 1, приземје, со волумен од 158 м3 ул. "Вишешница бб" ;

Објектите од став 1 на овој член наведени во алинеите 5 и 6 се издаваат наполнети со вода.

**Член 2**

Проценетата вредност на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука е утврдена согласно Извештај за процена на недвижен имот бр.139 од 22.05.2020 година изработен од АБЦ – Бротхер ДООЕЛ Скопје и наш деловоден бр.19-1318/19 од 22.05.2020 година и истата е во износ од 14.009.084,00 денари.

**Член 3**

Висината на почетната месечна закупнина за недвижните ствари од член 1 од оваа одлука изнесува 70.045,42 денари, а износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 280.181,68 денари.

**Член 4**

Објавата за издавање во закуп на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следните податоци:

- недвижната ствар која е предмет на закуп (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, кататстарка општина и број на имотен лист, број на зграда, намена на зграда, број на влез, број на посебен дел од зграда);

- урбанистичко –планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на закуп;

- почетната цена за движната ствар која е предмет на закуп;

- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;

- време на започнување на јавното наддавање;

- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;

- услови за учество на јавно наддавање за домашни физички и правни лица;

-банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;

- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари;

- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници

согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) и

- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.

**Член 5**

Недвижните ствари од член 1 на оваа Одлука се даваат во закуп за период од 2 месеци.

**Член 6**

Со најповолниот понудувач во постапката на електронското јавно наддавање Градоначалникот склучува Договор заверен кај нотар.

**Член 7**

Закупецот на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука истите не може да ги даде во подзакуп.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

Оваа Одлука ќе се применува по завршување на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија.

**Бр.08-2812/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за основање на Јавна Општинска Установа-Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци**

1.ОБЈАВУВА Одлуката за основање на Јавна Општинска Установа-Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3014/3** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), член 4 став 2, член 14 став 3 од Законот за установите ( „Службен весник на РМ„ бр. 32/05, 120/05 и 51/11 ), член 10 став 1 од Законот за музеите ( „ Службен весник на Република Македонија „ бр. 66/04 89/08 116/10, 51/11, 88/15, 152/15, 39/16), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за основање на Јавна Општинска установа**
**– Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци основа Јавна Општинска установа – Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци, заради заштита, истражување, собирање средување, стручно и научно обработување, како и соодветно презентирање на етнолошки, историски и археолошки предмети од исклучително значење за Република Северна Македонија, како непрофитна установа од областа на културата.

**Член 2**

Основна дејност на Јавната Општинска установа - Локален Вински музеј за регион Тиквеш - Кавадарци е музејска дејност.

**Член 3**

Установата ќе врши дејност во правниот промет под назив:

„Република Северна Македонија, Јавна Општинска установа – Локален Вински Музеј за регион Тиквеш – Кавадарци„.

Скратен назив на Установата е „Локален Вински Музеј-Кавадарци„.

Седиштето на Установата е на ул„ Дисанска„ бр.2а – Кавадарци.

**Член 4**

Установата има својство на правно лице со права и обврски утврдени со закон и со оваа Одлука.

Установата како самостојно правно лице во правниот промет настапува во свое име и за своја сметка.

Установата се основа за неограничен временски период во кој ја врши дејноста за која е основана додека основачот не донесе одлука за затворање на установата или кога ќе настапат законски услови за стечај или за ликвидација.

**Член 5**

Средствата за основање и почеток со работа се обезбедени од основачот во износ од 300.000,оо денари.

**Член 6**

Средствата за работа на установата се обезбедуваат од:

- средства од Буџетот на Општина Кавадарци;
- средства од министерства;
- сопствени извори;
- донации од домашни и од странски физички и правни лица во согласност со законот;
- фондови, непосредно од корисникот на јавните услуги, со продажба на услуги и производи на пазарот, камати, авторски права и патенти во сопственост на установата, легати, подароци, донации и од други извори на начинот и под условите утврдени со закон и со овој Акт.

**Член 7**

Ако во вршењето на својата дејност установата оствари добивка, таа добивка ќе се употреби за вршење и за развој на дејноста на установата во согласност со програмата за работа на установата.

**Член 8**

Установата дејствува самостојно и ја врши својата дејност во согласност и на начин утврден со закон, со овој Акт, статут и со други прописи, како и со правилата на струката.

**Член 9**

Органи на установата се управен одбор, орган за внатрешна контрола и директор.

**Член 10**

Со установата управува управен одбор.

Управниот одбор го сочинуваат три члена кои ги именува и разрешува основачот на Установата.

Членовите на управниот одбор треба да ги исполнуваат законските услови за неспоивост на функцијата член на орган на управување со други функции утврдени со Законот за установите.

Членовите на управниот одбор немаат право на паричен надоместок согласно Буџетот кој го утврдува Советот на Општината.

Мандатот на управниот одбор е четири години.

### Член 11

Управниот одбор на установата:

- го донесува и го менува статутот на установата;

-донесува и други акти на установата и го следи нивното извршување;

- го именува и разрешува директорот на установата;

- го утврдува финансиот план и донесува завршна сметка

-му предлага на основачот измена или проширување на дејноста и врши и други работи утврдени со закон, актот за основање и статутот на установата.

Со работата на управниот одбор раководи претседателот на управниот одбор.

### Член 12

**Орган за внатрешна контрола (Орган за надзор)**

За вршење на внатрешна контрола на работењето на установата се формира орган за надзор.

Органот за надзор има три члена кои ги именува основачот на Установата, кои ги именува и разрешува основачот.

За членови на органот за надзор можат да се именуваат лица кои немаат заснованот работен однос во установата, имаат високо образование и поседуваат знаења и искуство особено од обаласта на дејноста што ја врши установата.

### Член 13

Директорот на установата го именува и разрешува органот на управување врз основа на јавен конкурс, со мандат од четири (4) години, со право на повторен избор.

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите пропишани со закон и статут на установата.

### Член 14

Лицето Весела Честоева се именува за вршител на должноста директор, и се овластува да ги врши работите до конституирање на установата и почеток на работа на установата.

**Член 15**

Со статутот на установата подетално се уредуваат организацијата и начинот на вршење на дејноста, називот, седиштето, управувањето, работоводењето, контролата, правата и обврските на корисниците на јавната услуга и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на установата во согласност со законот и Актот за основање.

Донесувањето на статутот на јавната установа, како и неговото изменување, го врши органот на управување на јавната установа во согласност со закон.

На статутот на јавната установа согласност дава основачот.

**Член 16**

Управниот одбор на установата во рок 60 (шеесет) дена од денот на неговото именување, по предлог на вршителот на должноста директор, ќе го донесе статутот на установата.

**Член 17**

Управниот одбор во рок од 60 (шеесет) дена од денот на донесувањето на статутот од управниот одбор распишува јавен конкурс за избор на директор на установата.

**Член 18**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за основање Локална установа- Локален Вински музеј за регион Тиквеш – Кавадарци со арх. бр. 08-6055/5, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 14.11.2019 година.

**Член 19**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2812/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за примање донација на Основни проекти за поставување на фото-напонски панели од ДПООПТУ "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за примање донација на Основни проекти за поставување на фото-напонски панели од ДПООПТУ "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3014/4** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства („Сл.весник на РМ„ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05,14/10, 24/10 , 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за примање донација на Основни проекти**
**за поставување на фото-напонски панели**
**од ДПООПТУ "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект ООУ ДИМКАТА АНГЕЛОВ-ГАБЕРОТ на Ул. Страшо Пинџур с.Ваташа, К.П. 4339, К.О.

Ваташа со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW со тех. бр. 0901-150/2020 во вредност од 18.450,00 денари;

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект ООУ ДИМКАТА АНГЕЛОВ-ГАБЕРОТ на Ул.Браќа Хаџитефови бр.40, Кавадарци, К.П. 13292/1 и К.П. 13292/2, К.О. Кавадарци со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW со тех. бр. 0901-151/2020 во вредност од 18.450,00 денари;

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект ЈОУ ДОМ НА КУЛТУРА ИВАН МАЗОВ-КЛИМЕ на Ул.7-ми Септември, Кавадарци, К.П. 12709, К.О. Кавадарци со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW со тех. бр. 0901-152/2020 во вредност од 18.450,00 денари;

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект СОУ КИРО СПАНЏОВ-БРКО КАВАДАРЦИ на Ул.Шишка бр. 29, Кавадарци, К.П. 10135/1 и К.П. 10135/3, К.О. Кавадарци со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW со тех. бр. 0901-153/2020 во вредност од 18.450,00 денари;

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект ООУ ТОШО ВЕЛКОВ-ПЕПЕТО на Ул.Нов Белград б.б., Кавадарци, К.П. 11713/1, К.О. Кавадарци со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW, со тех. бр. 0901-154/2020 во вредност од 18.450,00 денари;

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект ООУ ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ на Ул.Пионерска бр.25., Кавадарци, К.П. 13851/1 и К.П. 13851/3, К.О. Кавадарци со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW, со тех. бр. 0901-155/2020 во вредност од 18.450,00 денари;

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект ООУ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ на Ул.Цветан Димов бр.1., Кавадарци, К.П. 10886/1, К.О. Кавадарци со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW со тех. бр. 0901-156/2020 во вредност од 18.450,00 денари;

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект ЈОУ Библиотека Феткин на Ул.7-ми Септември., Кавадарци, К.П. 12709, К.О. Кавадарци со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW, со тех. бр. 0901-157/2020 во вредност од 18.450,00 денари;

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект СОЗШУ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ на Ул.Шишка бр. 23, Кавадарци, К.П. 10149/1, К.О. Кавадарци со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW, со тех. бр. 0901-158/2020 во вредност од 18.450,00 денари;

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект ЈП Мито Хаџивасилев Јасмин на Ул.Западен Булевар б.б., Кавадарци, К.П.13710, К.О. Кавадарци со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW, со тех. бр. 0901-159/2020 во вредност од 18.450,00 денари;

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект СОУ Гимназија Добри Даскалов на Ул.Мито Хаџи Василев Јасмин бр. 68., Кавадарци, К.П.13606/1, К.О. Кавадарци со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW, со тех. бр. 0901-160/2020 во вредност од 18.450,00 денари;

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект ОУ Страшо Пинџур на Ул.Димката Ангелов Габерот бр.3, Кавадарци, К.П.12610, К.О. Кавадарци со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW, со тех. бр. 0901-161/2020 во вредност од 18.450,00 денари;

- Основен проект за поставување на фото-напонски панели на објект Општина Кавадарци Локална Самоуправа на Плоштад Маршал Тито б.б, Кавадарци, К.П.13138, К.О. Кавадарци со вкупна инсталирана моќност од 19.6 kW, со тех. бр. 0901-162/2020 во вредност од 18.450,00 денари,

од страна на давателот на донацијата Друштво за проектирање и одржување на објекти, производство, трговија и услуги "РЕСУРС ЛТДИ" извоз-увоз ДООЕЛ Кавадарци со седиште на ул. "Ило Костов" бр.31,

за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес, од областа на комуналните дејности и екологијата согласно член 22 ст. 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02) .

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 239.850,00 денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата, согласно Законот за донации и спонзорства.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2812/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци

(„Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за примање на донација -услуга за остварување на јавен интерес –реализирање на проект "За чисто и убаво Кавадарци" од Друштво запроизводство, трговија и услуги ЈА-МИ експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за примање на донација -услуга за остварување на јавен интерес –реализирање на проект "За чисто и убаво Кавадарци" од Друштво запроизводство, трговија и услуги ЈА-МИ експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3014/5** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства („Сл.весник на РМ„ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05,14/10, 24/10 , 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање донација – услуга за остварување на јавен интерес – реализирање на проект "За чисто и убаво Кавадарци" од Друштво за производство, трговија и услуги "ЈА-МИ" експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација - услуга користење на товарни моторни возила за реализирање на проект "За чисто и убаво Кавадарци", чистење на градот Кавадарци, и тоа:

- Чистење и уредување на полски пат Овчка Река, 6 дена работа, 1 багер и 1 камион, во вреднсот од 216.000,оо денари со вкалкулиран ДДВ;
- Чистење на депонија во с.Дреново, 1 ден работа, 1 багер и 2 камиони, во вредност од 45.000,оо денари со вкалкулиран ДДВ;
- Чистење на дива депонија во с.Сопот, 1 ден работа, 1 багер и 2 камиони, во вредност од 45.000,оо денари со вкалкулиран ДДВ;
- Санација на локален пат Ресава - Бегниште, 5 дена работа, 1 багер и 1 камион, во вредност од 180.000,оо денари со вкалкулиран ДДВ;
- Чистење на брана на Моклишко Езеро, 2 дена работа, 1 скип, 1 утоварна и 7 камиони, во вредност од 190.000,оо денари и
- Чистење, проширување и уредување на локален пат с.Бохула, 9 дена работа, 1 багер, 1 скип и 2 камиони, во вредност од 840.000,оо денари со вкалкулиран ДДВ,

од страна на дawателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги ЈА-МИ експорт- импорт ДООЕЛ Кавадарци,

за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес и тоа за уредување на просторот, уредувањето на градежното земјиште и заштита на животната средина и природата, согласно член 22 ст.1 ал.1 и 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од **1.516.000,00 денари** со вкалкулиран ДДВ.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, Советот на Општина Кавадарци го овластува Заменик на Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата согласно Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2812/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци

(„Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Одлука за примање на времено користење на движни ствари – персонални компјутери и давање на ТППЕ Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА за примање на времено користење на движни ствари – персонални компјутери и давање на ТППЕ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3014/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, 14/10, 24/10 , 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на времено користење на движни ствари – персонални компјутери и давање на ТППЕ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима движни ствари и тоа:

- Инвентарен број на монитор: 7KC9CX2, Инвентарен број на PC: DGF1133, Тип PC: Персонален компјутер Dell PC OptiPlex 3070 MT, Тип Монитор: Монитор DELL Monitor E2216H, Единица мерка: парче, количина:1 и

- Инвентарен број на монитор: 8KC9CX2, Инвентарен број на PC: 2HF1133, Тип PC: Персонален компјутер Dell PC OptiPlex 3070 MT, Тип Монитор: Монитор DELL Monitor E2216H, Единица мерка: парче, количина:1

од Центар за Управување со Кризи, со седиште на ул. "Димче Мирчев" бр.9 Скопје со ЕДБ 4080018119445,

за реализација на ПИЛОТ ПРОЕКТ НАПРЕДНА РЕГИОНАЛНА КООРДИНАЦИЈА ПРИ ЦИВИЛНИ ИТНИ СОСТОЈБИ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН, ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА НА НАТО - НАУКА ЗА МИР И БЕЗБЕДНОСТ.

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на оваа одлука ги прима Општина Кавадарци и ги дава на ТППЕ Кавадарци за време траење на проектот и по завршување на проектот по барање на ко-директорот на проектот да се вратат на Центарот.

**Член 3**

Командирот на ТППЕ Кавадарци и ко-директорот на проектот, ќе склучат договор со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2812/6**
**27.05.2020 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за обезбедување на дополнителни парични средства за учество на општина Кавадарци во Под-Проектот„ Интегрирана програма за развој на туризмот во општина Кавадарци,,**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за обезбедување на дополнителни парични средства за учество на општина Кавадарци во Под-Проектот„ Интегрирана програма за развој на туризмот во општина Кавадарци„ , донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3014/7** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.05/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, 14/10, 24/10 , 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## За обезбедување на дополнителни парични средства за учество на општина Кавадарци во Под-Проектот„ Интегрирана програма за развој на туризмот во општина Кавадарци„

### Член 1

Со оваа одлука се обезбедуваат дополнителни парични средства за учество на Општина Кавадарци-Локална Самоуправа во проектот „Интегрирана програма за развој на туризмот во општина Кавадарци„. Проектот опфаќа имплементација на активности со кои ќе се поддржи развојот на туризмот во Општина Кавадарци.

### Член 2

Вкупната проценета вредност на Проектот„ Интегрирана програма за развој на туризмот во општина Кавадарци„ после постапка за набавка на градежни работи изнесува 38. 673. 732 денари без ддв и е повисока од проценетата вредност која изнесува 36. 222. 269 денари. Средствата во износ од 30.263.421 денари ќе се обезбедат од Проектот за Локална и Регионална Конкурентност финансиран од Европска Унија, а кофинансирањето на Општина Кавадарци е во висина од 2.451.463 денари, ќе се дообезбедат од буџетот на општина Кавадарци за 2020 година.

### Член 3

Финансиските средства за учество на општината Кавадарци, ќе се обезбедат од Буџетот на општина Кавадарци за 2020 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-2812/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**
.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3014/8** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, бр.54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), член 132

став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.весник на Општина Кавадарци” бр.8/05,14/10, 24/10, 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување на потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат**

**Член 1**

Се утврдува потребата од донесување на нова урбанистичко планска документација за објекти надвор од планскиот опфат, со што ќе се изврши документирање на состојбата која е утврдена на лице место, за следните барања:

1. **Барање арх.бр. 14-2559** на барателот **Ленча Честојанова со стан на ул.Елпида Караманди бр.9** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **–Станбен и помошен објект- зграда бр. 1, 2, 3, 4, изградена на КП бр.10171, КО Кавадарци град.**

2. **Барање арх.бр. 15-435** на барателот **Лазар Димов со стан на ул.Ѓорѓи Соколов бр.27** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **– викенд куќа Станбен објект - зграда бр. 1, изграден на КП бр.3322 и дел од КП бр.3321/2 КО Ваташа.**

3. **Барање арх.бр. 14-6651** на барателот **Златко Јованов со стан на ул.Орце Николов бр.4** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **– Викенд куќа - зграда бр. 1, 2, изграден на КП бр.8643 и КП бр.8642, КО Кавадарци вон град.**

4. **Барање арх.бр. 14-2404** на барателот **Веселин Анѓелков со стан на ул.Блажо Алексов бр.1** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

   **– викенд куќа - зграда бр. 1, изграден на КП бр.2443, КО Ваташа.**

5. **Барање арх.бр. 14-487** на барателот **Божин Глигоров со стан на ул.Благој Крстиќ бр.3/4** од **Кавадарци**, за утврдување на правен статус на бесправен објект.

**– викенд куќа - зграда бр. 1, изграден на КП бр.387, КО Конопиште.**

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08-2812/8** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2020 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на тримесечниот извештај за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци**
**за 2020 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за усвојување на тримесечниот извештај за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2020 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3014/9** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....35/19), член 82 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), расправајќи по тримесечниот извештај за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2020 година,

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на тримесечниот извештај за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2020 година**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА тримесечниот извештај за работа на ЈП„Комуналец„ Кавадарци за 2020 година, со арх.бр.02-672/2, донесен на седница на Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци одржана на ден 15.05.2020 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2812/9** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2020 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Тримесечен извештај за работа на МХЕЦ Лукар 1, 2, 3, и 4 ДООЕЛ Кавадарци за 2020 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за усвојување на Тримесечен извештај за работа на МХЕЦ Лукар 1, 2, 3, и 4 ДООЕЛ Кавадарци за 2020 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3014/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија(„Сл.весник на РМ„ бр.38/96....35/19), член 82 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19), расправајки по тримесечниот извештај за работа на МХЕЦ Лукар 1, 2, 3, и 4 ДООЕЛ Кавадарци за 2020 година,

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на тримесечниот извештај за работа на**
**МХЕЦ Лукар 1, 2, 3, и 4 ДООЕЛ Кавадарци за 2020 година**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА тримесечниот извештај за работа на МХЕЦ Лукар 1, 2, 3, и 4 ДООЕЛ Кавадарци за 2020 година, со арх.бр.02-672/3, донесен на седница на Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци одржана на ден 15.05.2020 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2812/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци

(„Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3014/11** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....35/2019), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05,14/10, 24/10 и 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**на Одлука со арх. бр.03-1201/3 од 21.05.2020 година за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука со арх. бр.03-1201/3 за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на

град Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, на седница одржана на ден 21.05.2020 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2812/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3014/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....35/2019), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05,14/10, 24/10 и 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**на Одлука со арх. бр.03-1201/4 од 21.05.2020 година за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони,**
**за организирање на зонско паркирање**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука со арх. бр.03-1201/4 за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање, донесена од Управен Одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, на седница одржана на ден 21.05.2020 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2812/12** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2020 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Правилник за за изменување и дополнување на Правилник за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3014/13** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....35/2019), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05,14/10, 24/10 и 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**на Правилник со арх. бр.03-1201/5 од 21.05.2020 година за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Правилник со арх. бр.03-1201/5 за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, донесен од Управен Одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, на седница одржана на ден 21.05.2020 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2812/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2020 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-3014/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**29.05.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....35/2019), член 82 став 1 точка 31 од

Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05,14/10, 24/10 и 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**на Правилник со арх. бр.03-1201/6 од 21.05.2020 година за изменување и дополнување на Правилникот за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Правилник со арх. бр.03-1201/6 за изменување и дополнување на Правилник за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци, на седница одржана на ден 21.05.2020 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2812/14** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.05.2020 година** — **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци „бр.8/2005, 14/10, 24/10, 38/19), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

# Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на План за заштита и спасување на подрачјето на Општина Кавадарци

1.СЕ ОБЈАВУВА План за заштита и спасување на подрачјето на Општина Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.05.2020 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.09-3014/15** ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**29.05.2020 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02), член 82 став 1 точка 17 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци,, бр.8/05, 14/10, 24/10 и 38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 41-та седница, одржана на ден 27.05.2020 година, донесе

# ПЛАН
## ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Кавадарци 2020 година

СОДРЖИНА

1. **Вовед и Опис на подрачјето на Општина Кавадарци;**
2. **План за Заштита и спасување за Асанација на подрачјето на Општина Кавадарци;**
3. **План за Заштита и спасување за Евакуација на населението на**

подрачјето на Општина Кавадарци;

4. План за Заштита и спасување на Животна средина на подрачјето на Општина Кавадарци;
5. План за Засолнување на населението и материјалните добра на подрачјето на Општина Кавадарци;
6. План за Заштита и спасување за Прва медицинска помош на подрачјето на Општина Кавадарци;
7. План за Заштита и спасување од пожари на подрачјето на Општина Кавадарци;
8. План за Заштита и спасување од поплави на подрачјето на Општина Кавадарци;
9. План за Заштита и спасување за радиолошка-хемиска и биолошка заштита на подрачјето на Општина Кавадарци;
10. План за Заштита и спасување од урнатини на подрачјето на Општина Кавадарци;
11. План за Заштита и спасување за згрижување на население на подрачјето на Општина Кавадарци

## 1. Вовед

Врз основа на член 13 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/2010, 18/2011, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016 и 83/2018), Секторот за урбанизам, градежништво, комунални дејности и заштита на животната средина изработи Оперативен план за заштита и одбрана од поплави на подрачјето на Општина Кавадарци, Советот на Општина Кавадарци донесува План за заштита и спасување од природни непогоди на подрачјето на Општина Кавадарци. Со планот се предвидуваат превентивни, оперативни мерки и други дејства за заштита и спасување од природни непогоди и потребните средства за негово извршување, како и органот или субјектот што ќе раководи со истиот. Планот како документ има за цел да направи квалитативна и квантитативна анализа и сублимација на податоците за можните опасности и ризици, а врз основа на тоа да се организираат административни и стручни работи во врска со организацијата, подготовка и работа на субјектите во системот на управување со кризи.

Изложеноста на територијата на Општината на ризикот од поплави, земјотреси, пожари, епидемии и друго, повеќе години station наназад, укажува дека

поголемите последици биле предизвикани од природни феномени, дејства на природните сили и активности на човекот. Покрај тоа сериозни влијанија предизвикуваат и последиците од економксата дејност и непочитување на мерките за заштита на природната и животната средина од производните процеси.

## Опис на подрачјето на Општина Кавадарци

### Географска положба и големина

Општина Кавадарци е со добри геостратегиски карактеристики добра местоположба, поволни рејлефни карактеристики, комуникациска поврзаност со другите региони, добра и развиена инфраструктура и сл.

Подрачјето на Општина Кавадарци се наоѓа во централниот дел од Република Македонија, областа на Повардариета и Тиквеш (Тиквешка котлина). Општина Кавадарци е поврзана со Општина Прилеп од Пелагонискиот регион, Општините Велес, Росоман, Демир Капија и Неготино од Вардарскиот регион и Општина Гевгелија од Струмичкиот регион.

Општина Кавадарци зафаќа рамничарски дел од тиквешката котлина, висорамнината Витачево, Вишешница, Кожув планина и тиквешкиот дел од обласа Мариово. Градот Кавадарци е најголемо населено место и се наоѓа во рамничарскиот дел на надморска висина од 230 до 270 мнв. Подрачјето на Општина Кавадарци се наоѓа на 41° 26′ 0″ N, 22° 0′ 0″ E географска ширина и должина. Подрачјето на општината зафаќа површина од 992,44 $km^2$. Густина на населеност 39,04 жители на / $km^2$. Географски подрачјето на Општина Кавадарци се наоѓа од двете страни на река Црна, Раец, Бошавица и Луда мара, висорамнината Витачево и на југ планината Кожуф.

### Релјефни карактеристики

Подрачјето на Општина Кавадарци се карактеризира со сложена геотектоника од што произлегува развиен рејлеф, комплексна геолошка структура на почвата, разноликост на почвата и богата биолошка разновидност создадена под влијание на геолошката структура, движењето во земјината внатрешност и надворешното влијание од сонце, врнежи, ветер, мраз со последици за ерозија на површината и промена на рејлевните облици.

Во геолошката градба застапени се карпи од најстариот геолошки период до денес кои се настанати од многу активни тектонски процеси каде доминираат издигнати и расфрлани форми (квартни, седиментни, езерски, глацијални, делувијални и алувијални карпи.

Рејлефната структура е разновидна, застапени се планини, котлини, висорамнини, долини, тесни клисури и други рејлефни форми.

-Рамничарско-котлински дел до 500 мнв

-Ридско планински дел-висорамнина Витачево до 1000 мнв

-Планински над 1000 мнв-планина Кожуф со највисоки врвови -Дудица 2132 мнв и Зелен брег 2165 мнв.

Рамничарскиот дел се наоѓа околу реките Црна, Раец и Луда мара и зафаќа 19,6 % од подрачјето, падинскиот дел го зафаќа реонот на Љубаш, Клепа, Раштани и др. и зафаќа површина од 10,6% од подрачјето и висорамничарскиот и планинскиот дел висорамнина Витачево и ридско планинскиот дел зафаќа 69,8 % од подрачјето на општината.

## Пошуменост и друга вегетациска покриеност

Подрачјето на Општина Кавадарци е релативно добро пошумено, застапени се поголем број на видови на шума (даб, бука, бел и црн бор, габер, бреза, ела и други видови. Исто така застапена е и друга вегетација (овошни и лозови насади и др.) Вкупната површина со уредени шуми во државна сопственост е 65 414,42 ha од кои на обраснати површини припаѓаат 48 571,82 ha а останатата површина од 16 842,60 ha се пасишта. Со површините под шуми во државна сопственост на подрачјето на Општината стопанисува ЈП Македонски шуми-подружница БОР Кавадарции истите се поделени во 11 шумско единици.

Исто така на подрачјата на месните заедници од ридско планинскиот дел постојат површини со шуми во приватна сопственост на населението. Површините под шуми, овошни и лозови насади како и другата присутна вегетација придонесува подрачјето на општината вегетациски да е добро покриено.

## Основни карактеристики на земјиштето

Во геолошката градба застапени се карпи од најстариот геолошки период до денес кои се настанати од многу активни тектонски процеси каде доминираат издигнати и расфрлани форми (квартни, седиментни, езерски, глацијални, делувијални и алувијални карпи). Морфолошката структура на почвата е следна: еродирана и ридеста 50%, смолница 20 % и 30% обработлива.

Најзастапени почвени типови на подрачјето на општината се: Алувијални, делувијални, алувијално-делувијални, еродирани, скелетни, смолници, варовнички, кафеава почва и др. Поедини делови од земјиштето се трусни и ерозивни.

## Климатски услови

Во рамничарскиот и падинскиот дел доаѓа до судир помеѓу двете различни климатски влијанија и се создава модифицирана медитеранска клима. Во ридско планинскиот дел поголемо влијание има планинската и континенталната клима.

Температурата на воздухот е климатски фактор кој ги дава основните карактеристики на климатските услови. Средно годишната температура на воздухот во општина Кавадарци изнесува 13,6 °C, најтопол месец во годината е Јули со средна месечна температура од 24,7 °C, а најладен месец е Јануари со средна месечна температура од 1,5°C. Средната годишна максимална температура е –7,9 °C а апсолутната годишна максимална температура е 41,8 °C а апсолутната годишна минимална температура е – 23 степени. Среднио годишен број на летни денови со температура над 25°C изнесува 126 дена. Средниот годишен број на тропски денови температура над 30 степени изнесува 68 дена а средниот годишен број на мразни денови со температура пониска од нула изнесува 65 дена. На подрачјето на општината честа е појавата на рани есенски и касни пролетни мразеви.

Средната годишна количина на врнежи изнесува 461 l/m$^2$ со граници од 280 до 695 mm. Просечното количество на врнежи е 490 mm. Врнежите имаат големо влијание врз земјоделската вегетација и водниот баланс. Најсушен месец во годината е Август со 25,2 mm а највлажен месец во годината е Ноември со 55,8 mm просечно годишно врнежливи денови се 96 во граници од 63 до 112 mm. На подрачјето на општината почесто има појава на град од месец Април до месец Октомври а најмногу паѓа во месеците Април и Мај. Средно годишната влажност на воздухот изнесува 68 %, максимална влажност е 80% и тоа во месец Декември а минималната влажност на воздухот е 30 % во месец Јули. Средната годишна облачност изнесува 4,7 десетинки, со максимум од 6,7 во месец Јануари и минимум од 2,1 десетинки во месец Август. Средно годишното траење на сончевиот зрак изнесува 2.426 часови. Просечен број на ведри денови се 130 .

На подрачјето на општината претежно се јавуваат вардарецот од северен правец со максимална брзина од 30 m/s односно со 85,8 km/h и југот со максимална брзина од 22,5 m/s односно со 62,3 km/h. Климата и климатските фактори имаат големо влијание на изложеноста на ризици од природни несреќи и катастрофи кои можат да предизвикаат посериозни последици по животот на луѓето, материјалните и природните богатства. Посебно влијание имаат климатските промени и глобалното затоплување.

ПЛАН

ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

ЗА АСАНАЦИЈА НА ПОДРАЧЈЕ

НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Кавадарци 2020 година

С о д р ж и н а :

2.1. Вовед;
2.2. Потсетник за употреба на Планот за асанација на подрачјето на Општина Кавадарци;
а) Општински штаб за заштита и спасување;
б) Командант на Општински штаб за заштита и спасување;
в) Началник на Општински штаб за заштита и спасување;
г) Помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени;

2.3. Упатство за воспоставување и одржување на ред во настрадани зони;

2.4. Преглед на бројот на жители по кои се евакуираат по месните и урбаните заедници на територијата на Општина Кавадарци;

2.5. Преглед на лица, органи, организации и институции вклучени во ЗиС;

## 2.1. Вовед

Асанација на теренот е збир на мерки што се преземааат, а кои се во директна зависност од видот и обемот на природната непогода но генерално треба да се преземат мерките и активности за:

- спречување на појава на заразни заболувања кај населението;
- пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погреб на загинати и умрени лица;
- обезбедување исправна вода за пиење и употреба;
- пронаоѓање и закоп на загинати животни;
- чистење на теренот од разни глодари и инсекти;
- отстранување на отпадни и други опасни материи;
- дезинфекција, дезиенсекција и дератизација на теренот и објектите;
- асанација на објекти за водоснабдување;
- спроведување на санитарно хигиенски мерки;

- други мерки и активности во зависност од состојба на теренот.

За спроведување на оваа мерка во плановите се утврдуваат локациски места за собирање и погреб на лица и закопување на животни, здравствените и други организации кои учествуваат во асанацијата и друго.

## 2.2. Потсетник за употреба на Планот за асанација на подрачјето Општина Кавадарци

### а) Општински штаб за заштита и спасување

Општинскиот штаб заради успешно реализирање на овој план покрај другото ги врши и следните активности:

- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра при опасност и настанување на природни непогоди;
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- раководи со силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организааци вклучени во мерката заштита;
- доколку размерот на опасностите од поплави се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и органицации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно сврзана со задачите од заштита и засолнување;
- соработува со ораганизацијата на Црвениот крст на Општина Кавадарци;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот штаб за З. и С. го известува Градначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите, и

акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- донесува Упатства за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

### б) Командант на Општински штаб за заштита и спасување

Командантот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за ЗиС покрај другото ги врши и следните активности:
- раководи со штабот и преку него со акциите за заштита и спасување;
- врши конкретна процена на состојбата од настанатата природна непогода која ја предлага на штабот;
- предлага мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра од настанатата природна непогода;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- издава наредба за за упатување на единиците за ЗиС на местото на почетокот на нивното дејствување;
- ги следи активностите на силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување и ја оценува нивната успешност односно неуспешност;
- соработува со Регионалниот и Републичкиот штаб за заштита и спасување и со штабовите за заштита и спасување на соседните општини
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организаации вклучени во мерката заштита и спасување;
- доколку размерот на опасностите од урнатини се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, до Општинскиот штаб дава предлог, преку Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или од соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општина Кавадарци;
- соработува со државните органи и органицации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и спасување;
- соработува со ораганизацијата на Црвениот крст на Општина Кавадарци;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, го исвестува

Општинскиот штаб за ЗиС, Градначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- за ефикасно и благовремено организирање, раководење, известување за опасностите и акциите за заштита и спасување, ги користи постојните мирно временски врски, средствата за јавно информирање и известување курирските врски на Штабот и на Општината во целина, а особено Центарот за управување со кризи во Општината;
- изготвува или донесува Упатство за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја;
- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување согласно состојбите на теренот;

### в) Началник на Општински штаб за заштита и спасување

Началникот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за ЗиС покрај другото ги врши и следните активности:
- учествува во проценување на подготвеноста на силите за ЗиС за дејство во отсранување на последиците од појавената опасност;
- ги спроведува наредбите на Командантот и на Општинскиот штаб;
- го организира воспоставувањето на врските со силите за ЗиС и штабот;
- ја спроведува наредба за проверка на пополнетоста на Штабот и единицата со воени обврзници и матријално-технички средства;
- по можност извршува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на матријално-техничките средства;
- ја спроведува наредба за упатување на единиците за ЗиС на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивни разрешување;
- ја следи активноста на единиците за заштита и спасување и по потрба предлага нови мерки и задачи;
- учествува во изготвување на информации за преземаните активности;
- учествува во изготвувањето на наредби, одлуки и други акти;
- соработува со началниците на штабовите за заштита и спасување на Регионалниот, Републичкиот, и Општинскиот штабови за заштита и спасување на соседните општини;

- во отсутност на командантот ги презема сите негови надлежности.

### г) Помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени

Помошниците на Началникот заради успешно реализирање на плановите за ЗиС покрај другото ги врши и следните активности:
- во зависност од наредбата, а согласно моменталната состојба на теренот за потребите на силите за ЗиС врши организација за обезбедување на неопходни матријално-технички средства;
- ја спроведуваат Наредбата за упатување на единиците за заштита и спасување на местото на почетокот на нивното ангажирање;
- непосредно соработува и им пружа помош на раководниот кадар на единиците за заштита и спасување со кои располага општината;
- го организираат и го пратат воспоставувањето на врските со оделението за заштита и спасување и штабот;
- го пратат движењето на единиците во правецот на дејствување, односно нејзиното ангажирање во отстранување на последиците и по потреба предлага дали е потребна помош од други единици;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на повредените и ги прати транспортот на повредените до собирните места односно до здравствените установи;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на евакуираните граѓани од подрачја каде настанале урнатините;
- ги организира и спроведува Упатствата донесени од Општинскиот штаб;
- изготвува информации за преземаните активности;
- врши и други работи и задачи кои ги добива од командантот односно штабот за заштита и спасување.

### 2.3. Упатство за воспоставување и одржување на ред во настрадани зони

Силите за заштита и спасување се ангажираат во настраданите зони од елементарни непогоди и други несреќи во зависност од дејствието, урнатини, пожари, експлозии и други несреќи, за отстранување на последиците, и спроведување на соодветни хуманитарни активности за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра.

За нивното непречено ангажирање во активностите и задачите, командата на единиците одредуваат определен број на припадници кои имаат за задача да

одржуваат ред во настраданата зона.

Овие припадници на себе носат видливи белези и имаат за цел да ја заштитат загрозената зона од непредвидени упади на надворешни лица кои би можеле да предизвикаат пожари, експлозии, кражби и слични дејства со кои би ги загрозиле животите на граѓаните и припадниците на силите за заштита и спасување, како и одстранување и спречување на граѓаните да упаднат во загрозената зона каде се врши интервенција од единиците за заштита и спасување. Во објектите, зградите и сл. на влезовите се поставува лице кое го контролира влегувањето, односно излегувањето.

При вонредните состојби во Градот настанува посебен режим на сообраќајот и органите за контрола и регулирање на сообраќајот своите активности ги прилагодуваат да дадат приоритет на оние возила и правци на движење кои учествуваат во укажување на помош на загрозените и во одстранувањето на последиците. Во целиот тек на одстранување на последиците се користат расположливите средства за врски особено телефонски и радио врски, а при тоа и радио врските и другите врски на органите за внатрешни работи се ставаат во функција на заштитата и спасувањето од вонредни состојби.

Во случај на повреди на луѓето од било кои причини особено при масовни несреќи здравствените установи во градот сите свои расположиви сили и средства ги насочуваат кон спасување на повредените настраданите лица.

Заводот за трансфузија со крв како и организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за доброволно дарување на крв во Заводот се создадени услови да се чуваат одредени количини на крв и крвна плазма кои се неопходни.

За време на вонредните состојби населението се обезбедува и организирано со прехранбени и други потребни артикли. Снабдувањето на загрозените и настраданите делови од Градот ќе се извршува од оние реони кои не се зафатени со воредната состојба или ако поголемо подрачје е зафатено, се очекува помош од соседните градови и користење на стоковите резерви на Градот и Републиката. Во оваа област особено е значајна координацијата на надлежните органи заради воспоставување соработка со производните, прометните и услужните претпријатија заради обезбедување на најнеопходните средства за живот, храна, облека, постелнина и др.

Горе наведените мерки и активности за воспоставување и одржување ред се преземаат и на собирните места утврдени од Општинскиот штаб, за прифакање на повредените граѓани.

При воспоставување и одржување на ред во настрадани зони и изведувањето на акциите за заштитата и спасување припадниците за одржување на ред

соработуваат со силите за ЗиС во претпријатијата, јавните установи и служби и со силите за ЗиС на урбаните заедници на чие подрачје се наоѓаат.

Локации за собирање на загинати лица и место за погребување се Градските Грибишта во Кавадарци (м.в. Белите Камења) и Турските гробишта во (м.в. Калница).

**2.4. Преглед на бројот на жители по кои се евакуираат по месните и урбаните заедници на територијата на Општина Кавадарци**

| Реден број | Урбани и месни заедници | Број на жители |
|---|---|---|
| 1 | Љубаш | 6800 |
| 2 | Кула | 6900 |
| 3 | Браќа Џунови | 3400 |
| 4 | Задругар | 3300 |
| 5 | Слога | 2770 |
| 6 | Ќиро Крстев | 2600 |
| 7 | Браќа Досеви | 3700 |
| 8 | Страшо Пинџур | 2690 |
| 9 | Ваташа | 3440 |
| 10 | Глишиќ | 1400 |
| 11 | Сопот | 1000 |
| 12 | Марена | 997 |
| 13 | Дреново | 960 |
| 14 | Возарци | 980 |
| 15 | Бегниште | 422 |
| 16 | Ресава | 197 |
| 17 | Раец | 250 |
| 18 | Конопиште | 55 |
| 19 | Бошава | 70 |
| 20 | Шивец | 30 |

**2.5. Преглед**
**на лица, органи, организации и институции вклучени во ЗиС**

1. Градоначаник на Општина Кавадарци........... М-р Митко Јанчев 070/218-595

2. Командант на Штаб...........................Ристо Сакалиев 072/307-415

3. Полициска станица-Кавадарци.................... 192 и 410-310

4. ТППЕ-Кавадарци.......................................... 193 и 410-141

4. Брза помош.................................................... 194

6. ЈЗУ Здраствен дом........................................ 413-205

7. ЈЗУ Општа болница...................................... 413-315

8. Р.Ц. за упр.со кризи-Кав. ............................ 195, 413-826

9. ЕЛС-Кавадарци............................................ 416-107

10. ЕЛС-Росоманди............................................ 441-331

11. ЈП М.шуми-"Бор"......................................... 412-140

12. ЈП Комуналец................................................ 410-531

# ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ЗА ЕВАКУАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**Кавадарци 2020 година**

С о д р ж и н а:

**3.1. Вовед**
**3.2. Подсетник за употреба на Планот за евакуација за извршување на задачите од почетокот на непосредната опасност до завршување на евакуацијата;**
**3.2.1. При благовремена евакуација;**
**а) Пред објавувањето на евакуацијата (пред добивањето на Наредбата);**
**б) По добивањето на Наредба за мобилизација;**
**3.2.2. При накнадна евакуација;**

**3.3. Преглед на одборите за евакуација;**

3.3.1. Преглед на Општинските одбори за спроведување на евакуацијата;

3.3.2 Преглед на Одбори за евакуација по месни заедници во градот Кавадарци;

3.4. Преглед на единиците за одржување на редот, здравствените екипи и екипите на Црвениот крст на РСМ-Кавадарци;
3.5. Преглед на бројот на жители кои се евакуираат по месните заедници и другите облици на месната самоуправа;
3.6. Преглед на планирана евакуација на населението од градските Месни Заедници по категории;

3.7. Преглед на материјалните добра кои се евакуираат, количините, кој и каде ги евакуира;
3.8. Преглед на моторни возила со кои се извршува евакуација по видови, обезбедување, правци на движење и број на турите;
3.9. Преглед на бројот на жителите кои се евакуираат пеш, самостојно кај свои роднини;
3.10.Организација на прифатот, сместувањето, исхраната и згрижувањето на евакуираното население;
3.10.1. Број и вид на објекти предвидени за сместување на евакуираното население;
3.10.2. Преглед на учесници во спроведувањето на евакуацијата;
3.10.3. Преглед на субјекти-институции за кои се во надлежност на Општина Кавадарци, број на вработени и расположиви МТС и м/в;

3.1. Вовед

Евакуацијата како мерка за заштита и спасување, претставува планско, организирано и привремено преместување на населението и материјалните добра од подрачјето за кое се проценува дека може да биде зафатено од природни непогоди и други несреќи, на незагрозени и помалку загрозени подрачја, односно во релативно побезбедни простори.

Евакуацијата ќе се организира и спроведува во случај на природни непогоди – како настани предизвикани од неконтролирано дејство на природните сили кои го загрозуваат животот и здравјето на луѓето и предизвикуваат штети по имотот и животната средина ( земјотреси, поплави, атмосферски и други непогоди ), како и во случај на други несреќи – како настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните работи и активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства.

Според досегашните искуства на територијата на Општина Кавадарци немало потреба од ваква интервенција, но Општина Кавадарци согласно Уредбата за

спроведување на евакуација на населението (Сл. Весник бр.109/05) е спремна за вакви итни случаи да ангажира транспортни средства за лицата од загрозените региони па се до прифатилиштата.

## 3.2. Подсетник за употреба на Планот за евакуација за извршување на задачите од почетокот на непосредната опасност до завршување на евакуацијата

### 3.2.1. При благовремена евакуација

Во случај на благовремена евакуација ( која се врши пред отпочнување на природните непогоди или воените дејства), ПНШ за евакуација во рамките на ПШЗС ги превзема следните мерки и постапки:

**а) Пред објавувањето на евакуацијата (пред добивањето на Наредбата)**

- Води сметка и проверка за благовременото известување на населението за можната евакуација и за предавањето за спремност на оние кои подлежат на евакуација или поради загрозеност ќе треба да се евакуираат.
- Го организира и учествува во известувањето на органите за евакуација (Одборите за евакуација и единиците за одржување на редот, медицинските екипи и екипите на Црвен Крст) и ја проверува нивната спремност (преку барање писмени податоци, извештаи и проверка на лице место);
- Ги известува имателите на објектите за престој, вршејќи проверка на нивната состојба и превзема соодветни мерки за нивно уредување и адаптирање;
- Врши известување за припремање на претпријатијата кои се предвидени за обезбедување на потребните материјални добра со приоритет на артиклите за исхрана, облека, обувки и постелнина ( претпријатијата се припремаат по сопствен план кој е усогласен со Општинскиот односно Планот ПОЗС).

**б) По добивањето на Наредба за мобилизација**

Врши известување (води сметка за истото) за почетокот на евакуацијата на населението кое е планирано за евакуација и проверува дали истото е известено што треба да понесе со себе:

- Веднаш ги активира сите извршители на евакуацијата, медицинските екипи и екипите на Црвениот Крст;
- Врши контрола на изведувањето на евакуацијата, помага во организацијата и координирањето на истата, се до нејзиното завршување;
- По извршената евакуација (извршено сместување), ги анализира извештаите одборите за евакуација и прифат, по потреба да врши увид на лице место, ги согледува постоечките проблеми и недостатоци и превзема мерки за нивното решавање, односно отстранување.

### 3.2.2. При накнадна евакуација

Појаснување: Накнадната евакуација се спроведува кога од било кои причини не е повредена благовремената евакуација, потоа во случаевите кога се пристапува на евакуација на оној дел од населението кое не било планирано со плановите за благовремена евакуација или во воени услови кога непријателот извршил напад по оние реони од кои евакуацијата не била предвидена.

Накнадната евакуација по правило се изведува после извршениот непријателски напад или завршената елементарна непогода и други несреќи од поголеми размери и во суштина има карактер на згижување на настраданото население.

Во случај на накнадна евакуација, ПНШ за евакуација

- Ја согледува можност за спроведување на евакуацијата спрема постоечките планови за благовремена евакуација и во колку такви постои му дава предлог на К-на ПШЗС;
- По усвојувањето на предлогот, ги одредува одборите за евакуација (од формираните одбори од најблиската МЗ или оние кои ги има на располагање), ги известува за почетокот на накнадната евакуација во дотичниот реон и за ново поставените задачи;
- Во согласност со Планот за згрижување и настанатите услови на лице место врши организирање на брзо овозможување на здравствена и материјална помош на настраданото население, односно ги активира расположивите медицински екипи и претпријатијата предвидени за обезбедување на материјални добра;
- Извршувањето на задачите го координира со МВР-ПС Кавадарци, силите на Пограничната полиција, Црвен Крст и постоечките социјал- хуманитарни организации;
- Организира и го контролира превозот на настраданото и загрозеното население до објектите на згрижување и нивното сместување во истите;
- Води сметка за ускладување на згрижувањето со накнадната евакуација, така да двете истовремено се спроведуваат;
- При извршувањето на евакуацијата се постапува идентично како во т.1.б, при што се води сметка приоритет во евакуирањето да се даде на децата, посебно на оние без родители, а потоа на старите и изнемоштени лица.

### 3.3 Преглед на одборите за евакуација

### 3.3.1 Преглед на Општинските одбори за спроведување на евакуацијата

| Р.бр | Општина | Должност | Презиме и име | Адреса | Телефон |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | Улица и број | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. |
| 1. | Кавадарци | Раководител | Тренчев Илија (ОШТО) | К.Каракулев Бр.6 | 043-416-107 |
| | | Заменик Раководител | Димитров Горан (ОШТО) | Р.Соколова бр.30 | -//- |
| | | Член | Трендафилов Никола (ОШТО) | Едвард Кардељ бр.3/10 | -//- |
| | | Член | Крстев Димитар (ПС-Кавадарци) | | 043-410-310, 192 |
| | | Член | Симоновска Јелица (Ценатр за социјални грижи Кавадарци) | | |
| | | Член | | | |

3.3.2 Преглед на Одбори за евакуација по месни заедници во градот Кавадарци

| Р. бр. | Месна заедница | Бр. на членови | Функција | Презиме и име | Адреса | Телефон |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Љубаш I | 4 | Раков.<br>Член<br>Член<br>Член | Јованова Роска | Кавадарци | |
| 2. | Љубаш I I | 4 | Раков.<br>Член<br>Член<br>Член | | Кавадарци | |
| 3. | Б.Цунови | 4 | Раков.<br>Член | | Кавадарци | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Член<br>Член | | | |
| 4. | Б. Досеви | 4 | Раков.<br>Член<br>Член<br>Член | Лазов Душко | Кавадарци | |
| 5. | Задругар | 4 | Раков.<br>Член<br>Член<br>Член | Ицев Боро | Кавадарци | |
| 6. | Слога | 4 | Раков.<br>Член<br>Член<br>Член | Ташев Златко | Кавадарци | |
| 7. | К. Крстев | 4 | Раков.<br>Член<br>Член<br>Член | Митрев Љупчо | Кавадарци | |
| 8. | С. Пинџур | 4 | Раков.<br>Член<br>Член<br>Член | Димов Зоран | Кавадарци | |
| 9. | Глишиќ | 4 | Раков.<br>Член<br>Член<br>Член | Ивановски Стојче | Кавадарци | |
| 10. | Кула | 4 | Раков.<br>Член<br>Член<br>Член | Павлов Томе | Кавадарци | |

- Одборите за прифат на евакуираните ќе се формираат по потреба во местата-реоните предвидени за евакуација од месните заедници во кои истите припаѓаат.

-Поименичните спискови за разведување на евакуираните лица до реоните - објектите за престој ќе се одредат по потреба во дадената ситуација.

### 3.4. Преглед на единиците за одржување на редот, здравствените екипи и екипите на Црвениот крст на РСМ - Кавадарци

| Ред. Бр. | ЕЛС | Единици за одржување на редот, со број на лица | Здравствени екипи | Екипи на Црвен крст |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Кавадарци | МВР-ПС Кавадарци<br>-број на екипи по потреба | ЈЗУ Општа болница | ОО Црвен крст -Кавадарци |
| 2. | | | ЈЗУ Здравствен дом-Кавадарци | |
| 3. | | | ПЗ Установи-Кавадарци | |

Во евакуацијата, учество ќе земаат и Министерството за внатрешни работи – Полициска станица Кавадарци, припадниците на Црвениот крст на Република Македонија – ПЕ Кавадарци, медицински екипи на Здравствениот дом Кавадарци како и Приватните здравствени установи кои се наоѓаат на територијата на Општина Кавадарци.

Исто така ќе се искористат и капацитетите на приватните превозници за превоз на населението и материјалните добра до засолништата и центрите за згрижување.

### 3.5. Преглед на бројот на жители кои се евакуираат по месните заедници и другите облици на месната самоуправа;

| Реден број | Урбани и месни заедници | Број на жители |
|---|---|---|
| 1 | Љубаш | 6800 |
| 2 | Кула | 6900 |
| 3 | Браќа Цунови | 3400 |
| 4 | Задругар | 3300 |
| 5 | Слога | 2770 |
| 6 | Ќиро Крстев | 2600 |
| 7 | Браќа Досеви | 3700 |
| 8 | Страшо Пинџур | 2690 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Ваташа | 3440 |
| 10 | Глишиќ | 1400 |
| 11 | Сопот | 1000 |
| 12 | Марена | 997 |
| 13 | Дреново | 960 |
| 14 | Возарци | 980 |
| 15 | Бегниште | 422 |
| 16 | Ресава | 197 |
| 17 | Раец | 250 |
| 18 | Конопиште | 55 |
| 19 | Бошава | 70 |
| 20 | Шивец | 30 |

### 3.6. Преглед на планирана евакуација на населението од градските Месни Заедници по категории

| Р.бр | МЗ | Се евакуираат | | | | Собирно место | | Правци на движење | Место на приф. | Место на разм. | Број на евакуирани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на жители | Брем.жени и мајки со деца до 7г. | Деца до 7г. | Деца од 7 до 14г. | Тешко болни или инвалиди | Освно | Резервно | | | | Број на жители во места каде се врши евкуацијата |
| 1. | Љубаш 1260 | 440 | 820 | / | / | 1.Гимназ.<br>2. Д. Град. | СП. Центар – Х. Фени | Кавад-Ресава | Ресава | Расава<br>Дабнипте<br>Бегниште.<br>Тикв. Езеро. | 270/200<br>100/50<br>400/420<br>490/--- |
| 2. | Кула<br>480 | 210 | 270 | / | / | 1.М. парк<br>2.С.палата | Белка –<br>Гр.пазар | Кав-Дренов -Раец | Дреново | Дреново | 480/750 |
| 3. | С.Пинџур<br>324 | 140 | 184 | / | / | 1Коопер.<br>2.ЗШУЦ | ОУ С. Пинџур<br>ОУ Т.В. Пепто | Кавад - Страгово | Страгово | Страгово<br>Крњево<br>Бохула<br>Радња | 70/53<br>110/65<br>94/35<br>50/6 |
| 4. | К. Крстев | 144 | 196 | / | / | Таска<br>ДТВ Партизан | Игралиште - Ваташа | Кавад – Страгово - Крњево | Чемерско Д.Бошава<br>Г.Бошава | Чемерско Д.Бошава<br>Г.Бошава | 50/20<br>80/51<br>200/74 |
| 5. | Б. Цунови | 320 | 136 | 184 | / | / | Пам СтаницаОУ ДА | Д. Град.<br>Р. Поц.<br>Самоп.<br>Б.Цунови | Кавад - Михајлово | Кавад - Михајлово | 100/108<br>120/ |
| 6. | Б. Досеви | 228 | 310 | / | / | ОУ ТХТ<br>Н.Техника | Рас. Кај Капела | Кавад - Раец-Фариш | Раец<br>Фариш | Раец<br>Фариш<br>-Мрзен - Дреново. | 150/137<br>50/54<br>50/25<br>278/750 |
| 7. | Задругар<br>483 | 208 | 275 | / | / | Рас. Задр.-Н.Фронт - 41 Дивиз - Црноре. | Рас. Задр.-Н.Фронт 9 Бригада - Пирин | Кавад - Рожден | -Мрежичко<br>- Св. Петре<br>-Рожден<br>-Мајден | -Мрежичко<br>- Св. Петре<br>-Рожден<br>-Мајден . | 200/110<br>/110<br>233/180<br>50/30 |
| 8. | Слога<br>433 | 179 | 254 | / | / | Гради. Слога – 16-Јули - Пепето | Самоп. Ул 16-Јули<br>Рас 11-Бригада – Бегниш. | Кавад - Бојанчиште | - Бојанчиште<br>-Гарниково | Бојанчиште<br>-Гарниково<br>- Драгожел - Куманичево | 50/10<br>(50/40)<br>200/120<br>50/40 |

3.7. Преглед на материјалните добра кои се евакуираат, количините, кој и каде ги евакуира

| Р.бр. | ЕЛС | Добра кои се евакуираат | Коли-чини | Кој ги евакуира | Каде се евраку-ираат | Реони, локации, кампови и др. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Кавадарци | Матични книги | | Вработените во ПО при Министерството за правда | | |
| 2. | | Училишни книги-Дневници | | Екипи за евакуација од вработените во училиштата | | |
| 3. | | Архивски материјали | | | | |

3.8. Преглед на моторни возила со кои се извршува евакуација по видови, обезбедување, правци на движење и број на турите

| Р. Бр. | Од која урабана заедница се врши евакуација | Во која МЗ се врши прифат на евакуираното население | Вид и број на транспортни средства | | | | Носивост на возилото | Број на тури | Обезбеду-бање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | автоб | минибус | кам | трак | | | |
| 1. | Љубаш | Ресава, Бегниште Дабниште Тикв.езеро | 3 | 1 | 3 | По потреба | 20-30 лица | 14 | МВР и др.ангаж сили |
| 2. | Кула | Дреново, Драдња | 4 | 1 | 2 | -//- | -//- | 8 | -//- |
| 3 | С.Пинџур | Страгово Крњево Бохула | 2 | 1 | 2 | -//- | -//- | 5 | -//- |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | К.Крстев | Г.Бошава<br>Д.Бошава<br>Чемерско | 2 | 1 | 2 | -//- | -//- | 5 | -//- |
| 5. | Б.Џунови | Конопиште<br>Михајлово | 3 | 1 | 2 | -//- | -//- | 4 | -//- |
| 6. | Б.Досеви | Раец,<br>Фариш.<br>Дебриште | 2 | 1 | 2 | -//- | -//- | 7 | -//- |
| 7. | Задругар | Рожден<br>Мајден,<br>Св.Петре | 3 | 1 | 2 | -//- | -//- | 6 | -//- |
| 8. | Слога | Бојанчиште<br>Блашница | 3 | 1 | 2 | -//- | -//- | 3 | -//- |
| 9. | Ваташа | Моклиште<br>,Манастир | 2 | 1 | 2 | -//- | -//- | 5 | -//- |
| 10. | Глишиќ | Викенд нас.<br>Овчка Река | 2 | 1 | 2 | -//- | -//- | 3 | -//- |

**3.9. Преглед на бројот на жителите кои се евакуираат пеш, самостојно кај свои роднини**

| **Ред. бр.** | **ЕЛС** | **Реони** | **Месна заедница** | **Име и презиме** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |

**3.10.Организација на прифатот, сместувањето, исхраната и згрижувањето на евакуираното население**

**3.10.1 Број и вид на објекти предвидени за сместување на евакуираното население**

Индивидуални куќи, домови, основни школи и други поволни објекти со кои се располага во предвидените места за евакуација. Истите ќе се одредат во наредниот период по извршениот увид на лице место, со напомена дека се можни и одредени

поголеми измени во зависност од конкретната ситуација и видот на непогодата и условите во кои истата е појавена.

Според моментното расположивите сознанија предвидените места за евакуација, генерално располагаат со поволни објекти за за извршување на предвидената евакуација, но во повеќето има потреба во доуредување или употреба на шатори.

### 3.10.2 Преглед на учесници во спроведувањето на евакуацијата:

-Единиците на локалната самоуправа Кавадарци;
-Здравствените установи;
-Органите на Полициска станица Кавадарци;
-Центарот за социјални работи;
-Установите од областа на образованието;
-Црвен Крст;
-Невладините организации;
-ДЗС-ПО Кавадарци.

Истите во рамките на своите овластувања и обврски учествуваат во операциите за евакуација на луѓето и материјалните добра со своите единици, екипи и тимови.

### 3.10.3 Преглед на субјекти-институции за кои се во надлежност на на Општина Кавадарци, број на вработени и расположиви МТС и м/в

| Ред. бр | Субјект | Превозни средства за ЗС | Алат, опрема и средства за ЗС | Број на вработени | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | М | Ж |
| 1 | Општина Кавадарци | 5 ПМВ | / | 12 | 61 |
| 2 | СОУ Гим. “Добри Даскалов” | / | Заштитни маски, наметки, одела, лопати, копачи | 24 | 47 |
| 3 | ЗШУ “Ѓорче Петров” | 1ПМВ, 2ТВ | Лопати, копачи, мотики | 27 | 27 |
| 4 | СОУ “Ќиро Спанџов Брко” | 1 ПМВ | Заштитни одела копачи, | 36 | 24 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | лопати, јаже, | | |
| 5 | ООУ “Тошо Велков Пепето” | / | Заштитни маски, лопати, копачи | 9 | 52 |
| 6 | ООУ “Страшо Пинџур” | 1ПМВ | Заштитни, маски, лопати, копачи | 28 | 63 |
| 7 | ООУ “Гоце Делчев” | / | Заштитни маски, наметки, носилки | 14 | 42 |
| 8 | ООУ “Димката Ангелов Габерот” | / | Заштитни маски, санитетски торби, лопати | 20 | 44 |
| 9 | ООУ“Димката А.Габерот” Ваташа | / | Заштитни маски копачи, наметки, лопати | 10 | 28 |
| 10 | ООУ “Тоде Хаџи Тефов” | / | Копачи, лопати, кофи | 23 | 56 |
| 11 | Д.Г. “Рада Поцева” | 3ПМВ | Копачи, лопати, мотики | 5 | 73 |
| 12 | Ј.П. “Комуналец” | 2ПМВ | Заштитни маски, наметки, копачи, лопати | 205 | 34 |
| 13 | Д. К. “Иван Мазов Климе” | / | / | 3 | 6 |
| 14 | ЈОУ “Библиотека Феткин” | 1 ПМВ | / | 1 | 5 |
| 15 | Музеј Галерија | / | Лопати, копачи, колички | 4 | 5 |
| 16 | Против Пожарна Единица Кавад. | 1ПМВ, 3ТТВ | / | / | 13 |
| 17 | УЗ Кула | / | / | 7 | |
| 18 | УЗ Слога | / | / | 7 | |
| 19 | УЗ Љубаш | / | / | 9 | |
| 20 | УЗ Браќа Џунови | / | / | 7 | |
| 21 | УЗ Задругар | / | / | 5 | |
| 22 | УЗ Ќиро Крстев | / | / | 7 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23 | УЗ Браќа Досеви | / | / | 7 |
| 24 | УЗ Страшо Пинџур | / | / | 7 |
| 25 | МЗ Ваташа | / | / | 7 |
| 26 | МЗ Глишиќ | / | / | 7 |
| 27 | МЗ Сопот | / | / | 11 |
| 28 | МЗ Марена | / | / | 7 |
| 29 | МЗ Дреново | / | / | / |
| 30 | МЗ Возарци | / | / | 11 |
| 31 | МЗ Ресава | / | / | 9 |
| 32 | МЗ Раец | / | / | 5 |
| 33 | МЗ Горна Бошава | / | / | 3 |
| 34 | МЗ Шивец | / | / | 3 |
| 35 | МЗ Конопиште | / | / | 5 |
| 36 | МЗ Бегниште | / | / | 5 |

# ПЛАН
# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
# НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО
# НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Кавадарци 2020 година

С о д р ж и н а :

4.1. Вовед;

4.2. Потсетник за употреба на Планот за заштита и спасување на животната средина на подрачјето на Општина Кавадарци;

а) Општински штаб за заштита и спасување;
б) Командант на Општински штаб за заштита и спасување;
в) Началник на Општински штаб за заштита и спасување;
г) Помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени;

4.3. Мерки и задачи за заштита на животна средина;

4.4. Објекти како можни извори за загадување на животната средина;

4.5. Програмски активности за заштита на животната средина;

## 4.1. Вовед

Поаѓајќи од фактот дека Општина Кавадарци е чисто урбана градска Општина, животната средина и природа се особено загрозени.

Проблемите од оваа област се присутни кај претпријатијата и разни трговски друштва и организации кои се занимаваат со оваа дејност или вршат производство и промет на овие производи или продукт.

Заради заштита на животната средина и природата потребно е да се превземат превентивни мерки, заради одбегнување на технолошки катастрофи, пожари, експлозии, поплави и друго.

## 4.2. Потсетник за употреба на Планот за заштита и спасување на животната средина на подрачјето Општина Кавадарци

### а) Општински штаб за заштита и спасување

Општинскиот штаб заради успешно реализирање на овој план покрај другото ги врши и следните активности:

- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра при опасност и настанување на природни непогоди;
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- раководи со силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организаации вклучени во мерката заштита;
- доколку размерот на опасностите од поплави се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и органицации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно сврзана со задачите од заштита и засолнување;
- соработува со ораганизацијата на Црвениот крст на Општина Кавадарци;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот штаб

за З. и С. го известува Градначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите, и акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- донесува Упатства за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

**б) Командант на Општински штаб за заштита и спасување**

Командантот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за ЗиС покрај другото ги врши и следните активности:
- раководи со штабот и преку него со акциите за заштита и спасување;
- врши конкретна процена на состојбата од настанатата природна непогода која ја предлага на штабот;
- предлага мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра од настанатата природна непогода;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- издава наредба за за упатување на единиците за ЗиС на местото на почетокот на нивното дејствување;
- ги следи активностите на силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување и ја оценува нивната успешност односно неуспешност;
- соработува со Регионалниот и Републичкиот штаб за заштита и спасување и со штабовите за заштита и спасување на соседните општини
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организаации вклучени во мерката заштита и спасување;
- доколку размерот на опасностите од урнатини се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, до Општинскиот штаб дава предлог, преку Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или од соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општина Кавадарци;
- соработува со државните органи и органицации, службите и претпријатијата чија

дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и спасување;
- соработува со ораганизацијата на Црвениот крст на Општина Кавадарци;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, го исвестува Општинскиот штаб за ЗиС, Градначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- за ефикасно и благовремено организирање, раководење, известување за опасностите и акциите за заштита и спасување, ги користи постојните мирно временски врски, средствата за јавно информирање и известување курирските врски на Штабот и на Општината во целина, а особено Центарот за управување со кризи во Општината;
- изготвува или донесува Упатство за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја;
- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување согласно состојбите на теренот.

### в) Началник на Општински штаб за заштита и спасување

Началникот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за ЗиС покрај другото ги врши и следните активности:
- учествува во проценување на подготвеноста на силите за ЗиС за дејство во отсранување на последиците од појавената опасност;
- ги спроведува наредбите на Командантот и на Општинскиот штаб;
- го организира воспоставувањето на врските со силите за ЗиС и штабот;
- ја спроведува наредба за проверка на пополнетоста на Штабот и единицата со воени обврзници и матријално-технички средства;
- по можност извршува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на матријално-техничките средства;
- ја спроведува наредба за упатување на единиците за ЗиС на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивни разрешување;
- ја следи активноста на единиците за заштита и спасување и по потрба предлага нови мерки и задачи;
- учествува во изготвување на информации за преземаните активности;
- учествува во изготвувањето на наредби, одлуки и други акти;
- соработува со началниците на штабовите за заштита и спасување на Регионалниот,

Републичкиот, и Општинскиот штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- во отсутност на командантот ги презема сите негови надлежности.

### г) Помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени

Помошниците на Началникот заради успешно реализирање на плановите за ЗиС покрај другото ги врши и следните активности:
- во зависност од наредбата, а согласно моменталната состојба на теренот за потребите на силите за ЗиС врши организација за обезбедување на неопходни матријално-технички средства;
- ја спроведуваат Наредбата за упатување на единиците за заштита и спасување на местото на почетокот на нивното ангажирање;
- непосредно соработува и им пружа помош на раководниот кадар на единиците за заштита и спасување со кои располага општината;
- го организираат и го пратат воспоставувањето на врските со оделението за заштита и спасување и штабот;
- го пратат движењето на единиците во правецот на дејствување, односно нејзиното ангажирање во отстранување на последиците и по потреба предлага дали е потребна помош од други единици;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на повредените и ги прати транспортот на повредените до собирните места односно до здравствените установи;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на евакуираните граѓани од подрачја каде настанале урнатините;
- ги организира и спроведува Упатствата донесени од Општинскиот штаб;
- изготвува информации за преземаните активности;
- врши и други работи и задачи кои ги добива од командантот односно штабот за заштита и спасување.

### 4.3. Мерки и задачи за заштита на животната средина

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и животната средина потребно е преземање на превентивни мерки, а особено на:

-одржувањето на опремата и инсталациите заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи;

-обезбедување ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти;

-заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисијата на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

Ако на сето ова се додадат и климатските прилики во тиквешката котлина јасно е дека станува збор за типично урбана средина со голем број еколошки проблеми, за таа цел, а за да се креира еколошки план за акција со кој би се барале реални ефикасни и економски решенија за еколошките проблеми, во Општината Кавадарци донесен е Локален еколошки акционен план чии основни цели се:

-заштитата на здравјето на луѓето, со преземање на активности за намалување на негативните влијанија, како последица на загадувањето на животната средина;

-спречување и заштита од загадување, со доследна примена на прописи, стандарди, мерки и постапки;

-институционално зајакнување на Општината и доследно спроведување на законските и други прописи.

## 4.4. Објекти како можни извори за загадување на животната средина

Во Општина Кавадарци има субјекти кои стопанисуваат со хемиски опасни материи или кои истите ги користат во процесот на производство. Во општината како и во соседните општини се наоѓаат следните субјекти потенцијални загадувачи: Фени Индустри (Еуроникел Индустри ДОО Кавадарци), ИГМ Трејд Илија и други ДОО Кавадарци, како и повеќе бензиски пумпи и други помали индустриски капацитети. Затоа на подрачјето на општината се јавува загадување од сулфур диоксид, јаглероден моноксид, јаглероден диоксид.

## 4.5. Програмски активности за заштита на животната средина

Со Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кавадарци, под обем и степен на опремување на градежно земјиште предвидено е уредување на јавно зеленило, и продолжување на колекторскиот ситем до излезот на село Марена.

# ПЛАН
# ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
# ЗА ЗАСОЛНУВАЊЕ НА
# НАСЕЛЕНИЕТО И МАТЕРИЈАЛНИТЕ
# ДОБРА НА ПОДРАЧЈЕТО
# НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Кавадарци 2020 година

С о д р ж и н а:

5.1. Вовед;
5.2. Процена на загрозеност на Општина Кавадарци;
5.3. Потсетник за употреба на Планот за засолнување на населението и материјалните добра подрачјето на Општина Кавадарци;
а) Општински штаб за заштита и спасување;
б) Командант на Општински штаб за заштита и спасување;
в) Началник на Општински штаб за заштита и спасување;
г) Помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени;

5.4. Засолнување на населението и материјалните добра;
а) Засолнување во засолништа со основна заштита;
б) Засолништа во погодни подрумски простории;
в) Засолнување во рововски засолништа;
г) Засолнување на вонградското население;
д) Засолнувањето на материјалните добра;

5.5. Ангажирање на сили и средства за засолнување;

5.6. Преглед на засолништа во Општина Кавадарци;
5.7. Упатство за постапката при користење на засолништа;
а) Запоседнување на засолништето;
б) Престојување во засолништето;
в) Напуштање на засолништето;
г) Преглед на местата за засолнување и број на лицата кои се засолнуваат;

5.8. Упатство за воспоставување и одржување на ред во настрадани зони;

5.9. Упатство за начинот за изградба на отворени и покриени засолништа;

**5.10. Списоци на куќи со три бетонски плочи по месните заедници со подруми подогни за засолнување**
**5.11. Наредба за изградба на куќни засолништа и јами;**
**5.12. Преглед на предвидени локации на рововски засолништат во Градот Кавадарци;**
**5.13. Премер и пресметка за изработка на заклон од вкопан тип за 25 лица;**
**5.14. Преглед на градежни материјали потребни за изградба на рововски засолништа;**
**5.15. Преглед на потребните и постоечките засолништа по место на живеење;**
**5.16. Список на подрумски простории за адаптирање по месните заедници во градот;**

## 5.1. Вовед

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на засолништа и други заштитни објекти, како и засолнување на населението и материјалните добра. Потребите на објектите за засолнување се планираат според прописите за просторно и урбанистичко планирање и се градат според местото на живеење, местото на работа и јавни места како јавни засолништа.

На територија на Општина Кавадарци има изградено вкупно 13 засолништа со капацитет од 2000 засолнишни места, што значи во иднина потребно е при измена и дополнување или пак при изработка на нови детални урбанистички планови, да се испланира соодветно место или локација за изградба на други вакви објекти. Поради овие причини (постоење на мал број на засолништа), рационално размислување е да се пренаменат некои од објектите кои стопанисува Општина Кавадарци или Република Северна Македонија.

## 5.2. Процена на загорзеност на Оштина Кавадарци од воени дејствија

Спрема проценката на загрозеност на Републиката, Општина Кавадарци се наоѓа во III степен на загрозеност.

Независно од варијантата на евентуалната агресија, поедини делови од општината се различно чувствителни и нееднакво загрозени од воените дејства. Од тука произлегуваат и дополнителните степени на загрозеност на пооделни реони:

а) Најзагрозен е градот Кавадарци во рамките на урбаниот дел на градот со висок степен загрозеност се Центарот (стариот и новиот), посебно со масивните станбени објекти, реонот на ВВ Тиквеш и Жито југ, индустрискиот комплекс во реонот на стариот Расадник – Глишиќ каде што можат да се очекуваат најтешките последици.

б) Втора по ред зона по чувствителност и степен на загрозеност се населбите Марена, Сопот, Шивец со Фени Индустри, Росоман, Трстеник, Возарци и други населби на рамничарскиот дел од територијата.

в) Во трет степен на загрозеност се деловите (реоните) од градот спрема ридското задградие, Ваташа, Дреново и по Ресава, Бегниште и други.

г) Релативно најбезбеден и природно најзаштитен е ридско – планинскиот простор од територијата на општината.

Во самиот град посебно чувствителна на воени дејства е комуникациската инфраструктура, а посебно ПТТ врските, електро мрежата и системот за водоснабдување.

Градот нема алтернативни решенија за електроенергија и водоснабдување и во случај на прекин и нарушување на овие компоненти од инфраструктурата, последиците може да бидат многу тешки.

Може да се претпостави дека во услови на војна градот и рамничарскиот дел од територијата ќе бидат со прилично голем степен на загрозеност.

Реално треба да се очекуваат големи нарушувања од воените дејства и висок процент на загубите – мртви и повредени меѓу населението, како и материјално – технички загуби, ако благовремено не се изврши раселување, евакуација, засолнување и дисперзија.

Со оглед на испразнетоста со население на дисперзивниот простор и недостаток на погодни објекти за сместување на населението (при раселување, евакуација, дисперзија) тежиштето на заштита треба да се даде на засолнувањето.

Во Општина Кавадарци приближно има 42.000 жители од кои 32.000 или 76% живеат во градот. Според нашите проценки околу 1/3 од градското население (приближно 10.000) во случај на воени дејства по различен основ ќе се пресели во вонградското подрачје. За останатите 2/3 (приближно 21.000 до 22.000) ќе биде потребно да се обезбедат соодветни засолништа.

Од нив околу 2000 ќе се засолнуваат во постоечките засолништа за основна и дополнителна заштита, 12.000 во евидентираните подрумски простории погодни за засолнување ( во објекти кои имаат по 3 плочи, а од останатите 7000 до 8000 половина би се засолниле во планираните рововски засолништа, а другата половина во подрумските простории несоодветни за засолнување. Со оглед на тоа да ефикасното градење на предвидените рововски засолништа е под голем знак прашалник (законски нерегулирани локации, немање доволно материјални средства и механизација и друго) произлегува дека за 7000 до 8000 жители недостасуваат засолништа.

Ако се земе во обзир и фактот дека постоечките подрумски простории нема да бидат 100% искористени (бидејќи имаат поголем капацитет од бројот на станарите, а не е регулирано кој и дали од соседите треба да се засолнува во дотичниот подрум) и ако се претпостави дека истите ќе бидат искористени 70 до 80% ( околу 8000 луѓе ), произлегува дека 10000 до 11000 (50%) од предвидените за засолнување би останале без потребното засолниште. Ваквата ситуација налага потреба од подетална анализа на оваа проблематика со цел стварање услови за задоволување на реалните – оптимални потреби.

## 5.3. Потсетник за употреба на Планот за засолнување на населението и материјалните добра на подрачјето Општина Кавадарци

### а) Општински штаб за заштита и спасување

Општинскиот штаб заради успешно реализирање на овој план покрај другото ги врши и следните активности:

- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра при опасност и настанување на природни непогоди;
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- раководи со силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организааци вклучени во мерката заштита;
- доколку размерот на опасностите од поплави се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и органицации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно сврзана со задачите од заштита и засолнување;
- соработува со ораганизацијата на Црвениот крст на Општина Кавадарци;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот штаб за З. и С. го известува Градначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите, и акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- донесува Упатства за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

### б) Командант на Општински штаб за заштита и спасување

Командантот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за ЗиС покрај другото ги врши и следните активности:

- раководи со штабот и преку него со акциите за заштита и спасување;
- врши конкретна процена на состојбата од настанатата природна непогода која ја предлага на штабот;
- предлага мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра од настанатата природна непогода;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- издава наредба за за упатување на единиците за ЗиС на местото на почетокот на нивното дејствување;
- ги следи активностите на силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување и ја оценува нивната успешност односно неуспешност;
- соработува со Регионалниот и Републичкиот штаб за заштита и спасување и со штабовите за заштита и спасување на соседните општини
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организааци вклучени во мерката заштита и спасување;
- доколку размерот на опасностите од урнатини се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, до Општинскиот штаб дава предлог, преку Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или од соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општина Кавадарци;
- соработува со државните органи и органицации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и спасување;
- соработува со ораганизацијата на Црвениот крст на Општина Кавадарци;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, го исвестува Општинскиот штаб за ЗиС, Граданачалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- за ефикасно и благовремено организирање, раководење, известување за опасностите и акциите за заштита и спасување, ги користи постојните мирно временски врски, средствата за јавно информирање и известување курирските врски на Штабот и на Општината во целина, а особено Центарот за управување со кризи во Општината;
- изготвува или донесува Упатство за мерки, задачи, активност и носители за

воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја;
- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување согласно состојбите на теренот;

### в) Началник на Општински штаб за заштита и спасување

Началникот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за ЗиС покрај другото ги врши и следните активности:
- учествува во проценување на подготвеноста на силите за ЗиС за дејство во отсранување на последиците од појавената опасност;
- ги спроведува наредбите на Командантот и на Општинскиот штаб;
- го организира воспоставувањето на врските со силите за ЗиС и штабот;
- ја спроведува наредба за проверка на пополнетоста на Штабот и единицата со воени обврзници и матријално-технички средства;
- по можност извршува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на матријално-техничките средства;
- ја спроведува наредба за упатување на единиците за ЗиС на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивни разрешување;
- ја следи активноста на единиците за заштита и спасување и по потрба предлага нови мерки и задачи;
- учествува во изготвување на информации за преземаните активности;
- учествува во изготвувањето на наредби, одлуки и други акти;
- соработува со началниците на штабовите за заштита и спасување на Регионалниот, Републичкиот, и Општинскиот штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- во отсутност на командантот ги презема сите негови надлежности.

### г) Помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени

Помошниците на Началникот заради успешно реализирање на плановите за ЗиС покрај другото ги врши и следните активности:
- во зависност од наредбата, а согласно моменталната состојба на теренот за потребите на силите за ЗиС врши организација за обезбедување на неопходни

матријално-технички средства;
- ја спроведуваат Наредбата за упатување на единиците за заштита и спасување на местото на почетокот на нивното ангажирање;
- непосредно соработува и им пружа помош на раководниот кадар на единиците за заштита и спасување со кои располага општината;
- го организираат и го пратат воспоставувањето на врските со оделението за заштита и спасување и штабот;
- го пратат движењето на единиците во правецот на дејствување, односно нејзиното ангажирање во отстранување на последиците и по потреба предлага дали е потребна помош од други единици;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на повредените и ги прати транспортот на повредените до собирните места односно до здравствените установи;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на евакуираните граѓани од подрачја каде настанале урнатините;
- ги организира и спроведува Упатствата донесени од Општинскиот штаб;
- изготвува информации за преземаните активности;
- врши и други работи и задачи кои ги добива од командантот односно штабот за заштита и спасување.
-

**5.4. Засолнување на населението и материјалните добра**

**а) Засолнување во засолништа со основна заштита**

Постоечките засолништа за основна заштита ги има на број 13 и сите се наоѓаат во градот Кавадарци. Од нив 12 се оспособени за престој на капацитет од 2000 засолнишни места со напомена дека поради нередовно одржување и проблемот со атмосферските и подземните води неколку во моментот се вон функција (треба да се смета на помал капацитет).

Практично засолништата се блоковски за засолнување на населението од определениете станбени блокови кои се наоѓаат на прописно растојание од засолништата.

За секое засолниште е определено одговорно лице – раководител на засолништето и неговиот заменик кое својата активност ја извршува спрема изготвеното упатство.

Упатството за работа и користење на засолништето, како и резервните клучеви од засолништата, во даден момент ќе бидат предадени на раководителите на засолништата, при што истите ќе се повикуваат по курирски пат со однапред подготвени покани.

Списокот на лица кои се засолнуваат во соодветни засолништа во моментот не е прецизиран (ажуриран). Истиот треба да се дефинира во наредниот период.

### б) Засолништа во погодни подрумски простории

Спрема евиденцијата направена во 2002 година, во градот Кавадарци се смета дека релативно добро можат да обезбедат дополнителен степен на заштита на станарите, односно на нивните соседи.

Во однос на сегашните услови, еден дел од населението ќе мора да се засолнува и во подруми кои немаат соодветен степен на заштита, но сепак овозможуваат некаква заштита.

Во даден момент ( при непосредна воена опасност ) ќе биде издадена наредба за изградба, односно адаптација на куќни засолништа и јами, која ќе биде објвена преку јавните гласила.

### в) Засолнување во рововски засолништа

Предвидено е да се градат во случај на непосредна воена опасност и тоа со капацитет за 25 и 50 лица.

Во 1993 година извршен е избор на локациите (со увид на лице место) за рововски засолништа. Со оглед да одредените локации не се верифицирани, голем дел во меѓувреме најверојатно се рушени, што налага преиспитување на самата концепција (законско регулирање или концепциско отфрлање).

Потребно е со претпријатијата кои располагаат со градежна механизација да се склучат соодветни преддоговори за извршување на обврската – изградба на рововски засолништа, за која би биле ангажирани со соодветно барање од страна на ПОЗС Кавадарци до нив.

### г) Засолнување на вонградското население

Генерално земено селските населби се значително по незагрозени во однос на градот, но одреден број на рамничарски села (дадени во проценката) се со приличен степен на загрозеност и во нив е потребно да му се обрне поголемо внимание на засолнувањето.

Воглавно за засолнување на селските населби како засолништа може да се користат природните заклони во околината на селата што ги овозможува погодната конфигурација на теренот (погодни долови, вдлабнатини и сл.).

Во одреден дел како засолништа може да се користат и постоечките пештери кои на територија на Општина Кавадарци ги има во релативно голем број.

### д) Засолнувањето на материјалните добра

Засолнувањето на материјалните добра се разрешува посебно во рамките на претпријатијата, јавните установи и служби, надлежни за чување на материјалните добра.

Јавните установи како што се музеите, архивите и други имаат обврска во своите документи за заштита и спасување да утврдат конкретни организациски, оперативни и други мерки во врска со заштитата и спасувањето на материјалните добра.

На подрачјето на Општината односно Градот изградени е едно засолниште за засолнување на материјални добра, кое е во надлежност на Дирекцијата за заштита и спасување.

## 5.5. Ангажирање на сили и средства за засолнување

За успешна интервенција и одстранување на опасностите и последиците во случај на природни непогоди и други несреќи се ангажираат сите субјекти на подрачјето на Општината.

Како посебно организирани сили кои се ангажираат на подрачјето на Општината се следните:

- Територијалната противпожарна единица -Кавадарци;
- Универзална единица за З. и С. на Општина Кавадарци;
- Специјализирани единици на Дирекција за ЗиС -подрачна единица Кавадарци;
- Специјализирани единици на Дирекција за ЗиС -под. Единица- Кавадарци;
- Месни сили за З. и С. во јавни претпријатијата, установи и служби кои имаат обврска да ги формираат;
- Центарот за управување со кризи-подрачни за Општината;
- Претпријатија за снабдување;
- Градежни и сообраќајно транспротни претпријатија;
- Здравствени установи;
- Организациите на Црвен крст и други невладини организации;

Со спроведувањето на мерките за заштита со кои се спречуваат, одстрануваат или ублажуваат непосредните последици и се обезбедува заштита на луѓето и материјалните добра на подрачјето на Општината раководи Општискиот штаб за заштита и спасување во согласност со Потсетниците за употреба на плановите за заштита и спасување по соодветните мерки кои се составен дел на овој документ.

Силите за заштита и спасување на Општината се ангажираат согласно планот

за заштита и спасување дел - подготвеност, мобилизација и ангажирање на силите.

Силите за заштита и спасување на Општината се опремуваат со опрема согалсно Одлуката на Владата на Р.С.М. за утврдување на личен и материјален состав.

### 5.6. Преглед на засолништа во Општина Кавадарци

| .бр | Назив на објектот (засолниште) | Локација | Капацитет | Отпорност | Степен на изградба | Намена | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| . | Бул. Македонија 20 | МЗ Кула | 200 | 100 | // | Основна | Неопремено |
| 2). | Авто. станица Ул. Кочо Рацин 6б | -//- | 200 | 100 | /// | -//- | **Избришано од евиденција** |
| . | Белка Ул.Блажо Алексов 53 | -//- | 150 | 100 | // | -//- | Неопремено |
| . | Бела ма Ул. Страшо Пинџур 59б | МЗ Слога | 100 | 100 | // | -//- | Опремено |
| . | Силекс – Ваташа Ул. Страшо Пинџур 71/1 | МЗ Ваташа | 150 | 200 | /// | -//- | Опремено |
| . | Силекс - Ваташа Ул .Страшо Пинџур 73 | МЗ Ваташа | 150 | 200 | /// | -//- | Опремено |
| . | Вељко Влаховиќ 3 | МЗ Љубаш | 100 | 200 | / | -//- | Неопремено |
| . | Стелакс – Вељко Влаховиќ 6б | -//- | 50 | 200 | /// | -//- | Неопремено |
| . | Стопанска Банка | -//- | 100 | 100 | // | -//- | Неопремено |
| 0. | ОУ Тошо Велков Пепето | МЗ Страшо Пинџур | 2 h 200 | 200 | // | -//- | Неопремено |
| 1. | Индустриска 6б | МЗ Љубаш | 50 | 100 | / | -//- | Недоградено |
| 2. | Нова Болница | МЗ Страшо Пинџур | 200 | 200 | / | -//- | Недоградено |
| 3. | Кланица - Бел Камен | / | / | / | / | / | **Избришано од евиденција** |

**Напомена 1**:

- Засолништето со рег. бр. 13 е избришано од евиденција поради нарушени услови.

## 5.7. Упатство за постапката при користење на засолништа

Користењето на засолништата опфаќа:

-Запоседнување;

-Престојување;

-Напуштање на засолништето.

### а) Запоседнување на засолништето:

-Засолништето го запоседнуваат станарите на одредените станбени објекти, кои однапред се запознати дека во него се засолнуваатаат, а исклучително и мал незначителен број на затекнати лица, ако е неопходно и ако постојат услови.

-Бројот на луѓето кои го запоседнуваат засолништето, треба да одговара на капацитетот за кој е изградено;

-Засолништето не треба да биде оддалечено повеќе од 300м или временски 3-5 минути, заради запоседнување од давањето на знакот за узбуна;

-Надлежниот орган ( ПОЗС – Кавадарци) одредува раководител на засолништето, а тој мора да има список на луѓето што се засолнуваат;

-При влегувањето во засолништето треба да се носи само опрема и средства кои ги пропишува надлежниот орган;

-Поблиски упатства за распоредувањето на засолништата, односно времето на запоседнувањето, организацијата и раководењето се регулира со Одлука на надлежниот орган.

### б) Престојување во засолништето

-Просторот за престој во засолништето е минимален. Во просториите за престој изнесува 1,50м3;

-Микоклиматските услови се многу неповолни, а психичката состојба лоша;

-Можностите за вршење физички потреби се минимални, а движењето ограничено;

- Ако се земе во обзир дека надвор е воена ситуација, во која се вклучени и најблиските, се добива слика за условите на престојот и состојбата на луѓето во засолништето;

- За надминување на ваквата ситуација, потребно е пред се луѓето да не бидат препуштени сами на себе, односно мора да постои организирана активност;

- За стварање поднослива атмосфера во засолништето голема улога има раководителот на засолништето, кој со својата личност, авторитет и познавање на ситуацијата во засолништето и луѓето во него, треба да биде доволно уверлив дека ситуацијата не е безизлезна;

-Луѓето што се однесуваат неконтролирано, треба да се издвојат за да не ствараат паника, а ако некој сака да го напушти засолништето и покрај надворешната опасност, раководителот прво го опоменува за последиците, а ако и понатаму инсистира, дури и тогаш го пушта, а на останатите им дава облазложение кое ќе делува поволно.

**в) Напуштање на засолништето**

- Засолништето (условно) се напушта по поминувањето на надворешната опасност (пожар, контаминација), односно кога ќе престане дејство на непријателот;
- Редовното напуштање на засолништето го наредува раководителот на истото, откако претходно екипата за извидување излезе од засолништето и утврди таква состојба или надлежниот орган јави за престанување на опасноста;
- Ако степенот на контаминираност надвор е недозволен, засолништето условно не се напушта веднаш, туку подоцна кога ќе се створат поволни услови;
- Може да се случи во тн. вонредна ситуација за напуштање на засолништето, која најчесто се јавува;
- Во случај на механичко и функционално оштетување на поголем дел од засолништето;
- Кога ќе настане меѓу луѓето масовно барање и покрај сите настојувања на раководителот да ги задржи или кога ќе завладее паника;
- Ако ситуацијата надвор од засолништето е таква, а тоа почнува да ги губи функцијата и ако со неговото напуштање се подобрува заштитата на луѓето. Ова може да се бара од надлежниот орган, а по право секое напуштање на засолништето го наредува раководителот на истото.

**г) Преглед на местата за засолнување и број на лицата кои се засолнуваат**

- Прегледот на местата за засолнување се прави шематски на планот (на основата) на засолништето на која што се означуваат местата на луѓето што ќе престојуваат во просториите за престој, при што местата се означуваат местата на луѓето што ќе престојуваат во просториите за престој, при што местата се означуваат со кругови, квадрати или со слична ознака;
- Раководителот на засолништето, потребно е благовремено да ги запознае луѓето кој во која просторија и на кое место ќе престојува;
- Паралелно со прегледот на местата се прави список на лицата кои ќе престојуваат во засолништето. Истиот се прави поименично со впишување на потребните податоци: презиме, татково име, име, година на раѓање, адреса на живеење, занимање, должност (

ако има должност во засолништето) и др. податоци за кои раководителот смета дека се корисни за поуспешно обавување на засолнувањето;

- Освен горното, се прави список на средствата и опремата во засолништето.

## 5.8. Упатство за воспоставување и одржување на ред во настрадани зони

Силите за заштита и спасување се ангажираат во настраданите зони од елементарни непогоди и други несреќи во зависност од дејствието, урнатини, пожари, експлозии и други несреќи, за отстранување на последиците, и спроведување на соодветни хуманитарни активности за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра.

За нивното непречено ангажирање во активностите и задачите, командата на единиците одредуваат определен број на припадници кои имаат за задача да одржуваат ред во настраданата зона.

Овие припадници на себе носат видливи белези и имаат за цел да ја заштитат загрозената зона од непредвидени упади на надворешни лица кои би можеле да предизвикаат пожари, експлозии, кражби и слични дејства со кои би ги загрозиле животите на граѓаните и припадниците на силите за заштита и спасување, како и одстранување и спречување на граѓаните да упаднат во загрозената зона каде се врши интервенција од единиците за заштита и спасување. Во објектите, зградите и сл. на влезовите се поставува лице кое го контролира влегувањето, односно излегувањето.

Градската управа за внатрешни работи ги спроведува потребните мерки на јавниот ред и безбедноста на загрозените подрачја за време на елементарни непогоди, а особено се грижи за заштита на имотот и обезбедување на местата каде што е настаната непогодата.

При вонредните состојби во Општината настанува посебен режим на сообраќајот и органите за контрола и регулирање на сообраќајот своите активности ги прилагодуваат да дадат приоритет на оние возила и правци на движење кои учествуваат во укажување на помош на загрозените и во одстранувањето на последиците. Во целиот тек на одстранување на последиците се користат расположивите средства за врски особено телефонски и радио врски, а при тоа и радио врсктие и другите врски на органите за внатрешни работи се ставаат во функција на заштитата и спасувањето од вонредни состојби.

Во случај на повреди на луѓето од било кои причини особено при масовни несреќи здравствените установи во градот сите свои расположливи сили и средства ги насочуваат кон спасување на повредените и настраданите лица.

Заводот за трансфузија со крв како и организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за доброволно дарување на крв во

Заводот се создадени услови да се чуваат одредени количини на крв и крвна плазма кои се неопходни.

При Заводот за здравствена заштита работи посебно одделение за хигиено-епидемиолошка заштита кое ги следи состојбите на Општината за опасноста од појава на заразни болести и епидемиолошки заболувања.

За време на вонредните состојби населението се обезбедува и организирано со прехранбени и други потребни артикли. Снабдувањето на загрозените и настраданите делови од Општината ќе се извршува од оние реони кои не се зафатени со вонредната состојба или ако поголемо подрачје е зафатено, се очекува помош од соседните градови и користење на стоковите резерви на Општината и Републиката. Во оваа област особено е значајна координацијата на надлежните органи заради воспоставување соработка со производните, прометните и услужните претпријатија заради обезбедување на најнеопходните средства за живот, храна, облека, постелнина и др.

Горе наведените мерки и активности за воспоставување и одржување ред се преземаат и на собирните места утврдени од Општинскиот штаб, за прифаќање на повредените граѓани.

При воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и изведувањето на акциите за заштитата и спасување припадниците за одржување на ред соработуваат со силите за З и С во претпријатијата, јавните установи и служби и со силите за ЗиС на урбаните заедници на чие подрачје се наоѓаат.

## 5.9. Упатство за начинот за изградба на отворени и покриени засолништа

Упатство за изградба на отворени и покриени рововски засолни е составен дел на документот за засолнување за Општината.

Во Упатството за начинот на изработка на отворени и покриени рововски засолништа на подрачјето на Градот се применуваат решенијата од сепаратите на рововските засолништа, а кои што се детално разработени во сите фази.

Учеството на отворените засолништа во однос на покриените, начелно треба да биде 1:3 во корис на покриените, со тоа што ќе треба да се настојува тој сооднос да биде уште поголем во корист на покриените рововски засолништа.

Едно рововско засолниште (отворено или покриено), може да се изгради со капацитет за најмногу 60 лица, со тоа што капацитетот на основната единица што се протега праволиниски неможе да биде поголем од 15 лица. Од ова произлегува дека, во зависност од просторот во кој треба да се развие засолништето, едно засолниште може да се планира за капацитет од 45 лица, што во случајов, ваквото засолниште би имало три основни единици што би се притегале праволиниски, потоа, за 30 лица со

две основни единици и за 15 лица со една основна единица. Должината на една основна единица изнесува 9м, а широчината на основата на врвот 105 см. Основните единици една од друга, мора да бидат со искршена траса, така да одделните основни единици на ровот стојат меѓусебно под агол од 90 степени до 120 степени. Доколку, во рамките на една локација, можат да се изградат повеќе од едно засолниште (како група од најмногу пет засолништа), тогаш, засолништата едно од друго мора да бидат оддалечени најмалку 25м, додека оддалеченоста на една група засолништа од друга група на засолништа треба да биде најмалку 100м.

Опфатените податоци во оваа точка имаат за цел да послужат за избор на местата, одредување на локациите и капацитетот на овие засолништа.

**5.10. Списоци на куќи со три бетонски плочи по месните заедници со подруми подогни за засолнување**

1. МЗ “Страшо Пиншур” --------------------------- број на објекти 29
2. МЗ “Задругар” ------------------------------------ --//-- 67
3. МЗ “Браќа Досеви” ----------------------------- --//-- 58
4. МЗ “Ваташа” -------------------------------------- --//-- 12
5. МЗ “Слога” ---------------------------------------- --// -- 31
6. МЗ “Киро Крстев” ------------------------------ --//-- 38
7. МЗ “Браќа Џунови” ---------------------------- --//-- 29
8. МЗ “Кула” ------------------------------------------ --//-- 22
9. МЗ “Љубаш” ------------------------------------- --//-- 37

(во списокот не фигурираат колективни станбени згради)

Врз основа на Наредбата на Командантот на Главниот штаб за заштита и спасување, бр________, од _________година, ја донесувам следната:

5.11. Н А Р Е Д Б А

за изградба на куќни засолништа и јами

1. Граѓаните на Општина Кавадарци кои не поседуваат подрумски простории погодни за засолнување, веднаш да отпочнат со изградба на куќни засолништат, односно прилагодување на постоечките подрумски простории или изградба на дрвено – земјени засолништа во дворните места.

2. Контрола на изградбата и давање на стручна помош ќе врши комисија на ДЗС-ПО Кавадарци во состав:

1. ___________________________________
2. ___________________________________
3. ___________________________________

3. За консултации граѓаните може да се обратат на телефоните: 415-226, 075/457-568 или во приосториите на ПО за ЗС – Кавадарци, на ул.”7-ми Септември” бр.49 Кавадарци (зграда на стара полиција).

ПШЗС – Кавадарци
Командант

## 5.12. Преглед на предвидени локации на рововски засолништат во градот Кавадарци

1. Населба “Глишиќ” --------------------------------------- бр.12
2. Населба “Страшо Пинџур” ---------------------------- бр. 37
3. Населба “Киро Крстев” -------------------------------- бр. 37
4. Населба “Браќа Џунови” ------------------------------ бр. 24
5. Населба “Слога” ----------------------------------------- бр. 27
6. Населба “Задругар” ----------------------------------- бр. 10
7. Населба “Браќа Досеви” ------------------------------- бр.24
8. Населба “Љубаш” --------------------------------------- бр.40
9. Населба “Кула” ------------------------------------------ бр.28

## 5.13. Премер и пресметка за изработка на заклон од вкопан тип за 25 лица

1. Исколчување на заклонот
( 2,80+8,36+1,20+1,26+10,36+2,80 _______ м1 26,78х _____= ________ ден.

2. Машински ископ на земја , со странично отфрлање
( 2,50 + 7,26 +0,65 + 9,26 + 2,60) x
(1,70 + 0,80) x 2,10 ___________м3 44,63 х _____=___________ ден.

3. Рачен ископ на земја, со отфрлање на двете страни за изведба на рампи
2 x 2,10 x 2,10 x 1,10 x 0,54 ___________м3 4,85х________= _________ ден.

4. Поставување фосни и летви на влезот од рез. излез
_________м2 8,82 х __________=_____________ ден.

5. Обликување – планирање на градобрани од изфрлена земја од ров и

рампа __________м3 49,48х________=_________ ден.

Вкупно ______________

## 5.14. Преглед на градежни материјали потребни за изградба на рововски засолништа

| Р.бр | Назив на сре- ството | Димен (см) | Един. Коли- чина. | Един. Коли- чина | ЗасолниШте за 25 лица | | | | ЗасолниШте за 50 лица | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Броја За 1 засол. | Колич За 1 засол. | Бр. | Вкуп. Коли- чина | Броја За 1 Засол | Колич За 1 Засол | Бр. | Вкуп. Коли- чина | Забеле- Шка |
| 1. | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 2. | Дрвени греди | 12х12 .---210 | м3 | 0.030 | 175 | 5,25 | | | 350 | 10,50 | | | Алтер- натива: обла граЃа |
| 3. | Дрвени греди | 12х12 ---150 | м3 | 0.022 | 18 | 0,35 | | | 24 | 0,55 | | | |
| 4. | Дрвени пот- пирачи | 12х12 ---230 | м3 | 0.046 | 20 | 0,62 | 150 | 969 | 40 | 1,84 | 20 | 129 | |
| 5. | Талпа | 30х4 ---750 | м3 | 0.09 | 1 | 0,09 | | | 2 | 0.18 | | | Вкупно Тер хар- Тија: 8.000м2 |
| 6. | штафни | 5х5 ---30 | м3 | 0.001 | 20 | 0,02 | | | 40 | 0,04 | | | |
| 7. | -//- | 5х5 ---50 | м3 | 0,0012 | 40 | 0.03 | | | 40 | 0,05 | | | |
| 8. | Тер хартија | / | м2 | 42 | 1 | / | | | 2 | | | | Вкупно Кланфи: 3.340 бр. |
| 9. | Кланфи | / | бр. | / | / | / | | | | 32 | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |

## 5.15. Преглед на потребните и постоечките засолништа по место на живеење

| Назив на МЗ | Потр. зас. места | Засолништа 3/3м | | Подрумски простории за адапт. | Предвидени ровов. засолништа | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Осн.заш. | Доп.заш. | | За 25 лица | За 50 лица |
| “Љубаш” | 3.720 | 2/100 2/50 | 2/25 | 37 | 32 | 10 |
| “Кула” | 2.200 | 2/200 1/150 | / | 21 | 27 | 3 |
| “Задругар” | 1.750 | / | / | 67 | 36 | 1 |
| “Страшо Пинџур” | 1.750 | 3/200 1/50 | / | 29 | 37 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| “КироКрстев” | 1.60( | / | / | 38 | 37 | 2 |
| “Браќа Цунови” | 1.85( | / | / | 29 | 20 | 4 |
| “Браќа Досеви” | 1.85( | / | / | 58 | 23 | 1 |
| **“Слога”** | 1.53( | 1/100 | / | 3 | 23 | 4 |
| с. “Ваташа” | 1.65( | 2/100 | / | 12 | 24 | 2 |
| Нас. “Глишиќ” | 35( | / | / | / | 12 | / |
| “Марена” | 60( | / | / | / | 13 | 23 |
| “Сопот” | 55( | / | / | / | 11 | 20 |
| “Росоман” | 1.45( | / | / | / | 23 | 50 |
| “Сирково” | 47( | / | / | / | 7 | 20 |
| “Возарци” | 50 | / | / | / | 10 | 16 |
| “Шивец” | 13( | / | / | / | 2 | 5 |

**з-засолништа**
**зм-засолнишни места**
**Пример : 2/100 – две засолништа по 100 засолнишни места**

**5.16. Список на подрумски простории за адаптирање по месните заедници во градот**

1. МЗ Браќа Цунови: подрумски простории на куќи со 3 бетонски плочи --- бр.29.
2. МЗ Кула: подрумски простории на куќи со 3 бетонски плочи ----- бр. 29.
3. МЗ Љубаш: домаќинства кои имаат сопствени куќи со 3 бетонски плочи со подрум и гража ------------ бр. 37.
4. МЗ Слога: подрумски простории на куќи со 3 бетонски плочи -------- бр.31.
5. МЗ Ќиро Крстев: подрумски простории на куќи со 3 бетонски плочи ------ бр. 38.
6. МЗ Браќа Досеви: подрумски простории на куќи со 3 бетонски плочи ----- бр.58.
7. с.Ваташа: подрумски простории на куќи со 3 бетонски плочи --------- бр.12.
8. МЗ Задругар: подрумски простории на куќи со 3 бетонски плочи -------- бр.67.
9. МЗ Страшо Пинџур: подрумски простории на куќи со 3 бетонски плочи ---- бр.29.

## ПЛАН ЗА ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Кавадарци 2020 година

С о д р ж и н а:

6.1. Вовед;
6.2. Потсетник за употреба на Планот за прва медицинска помош;
а) Општински штаб за заштита и спасување;
б) Командант на Општински штаб за заштита и спасување;
в) Началник на Општински штаб за заштита и спасување;
г) Помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени;

6.3. Превентивна медицинска заштита;

6.4. Заразни болести и епидемии;
6.4.1. Превентивни мерки за заштита;
6.4.2. Оперативни мерки за заштита;

6.5. Акциденти на отровни и опасни материи;
6.5.1.Превентивни мерки за заштита;
6.5.2.Оперативни мерки за заштита;

6.6.План на активности за прва медицинска помош;

6.7.Преглед на здравствени установи предвидени за прва медицинска помош;

I. 6.8. Преглед на средства и опрема за ПМП со која располагаат здравствените установи;

II.

III. 6.9.Преглед на локации на здравствени станици и пунктови;

6.10. Преглед на количини на лекови и друг санитетски материјал и места на нивните локации;
6.11. Преглед на расположиви транспортни средства за итна интервенција;

## 6.1. Вовед

Првата медицинска помош подразбира благовремена интервенција на здравствените сили со стандардни и прирачни средства на лице место на повредените, ранетите и заболени граѓани, кои во одреден момент се загрозени природните и други несреќи.

Овој вид на заштита и спасување подразбира и транспорт на ранетите, повредените и заболените до најблиската здравствена установа како и обезбедување и планирање резерви на крв и крвна плазма.

Во спроведувањето на првата медицинска помош се вклучуваат и силите за заштита и спасување кои се ангажираат за давање на прва медицинска помош на повредените граѓани на лице место и на собирните места и за упатување и носење до собирните места и до здравствените установи.

Покрај основната задача за пружање на првата медицинска помош се подразбира и ангажирање во спроведувањто на хигиенските и против епидемиолошките мерки, контролата на храната и водата, во асанација на теренот, деконтаминацијата на повредените и заболените и слични задачи.

За транспортирање на повредените ќе се користат превозни средства на здравствените установи и на единиците за ЗиС, додека за полесно повредемите ќе се користи превоз на ЈСП Скопје.

### 6.2. Потсетник за употреба на Планот за Прва медицинска помош

#### а) Општински штаб за заштита и спасување

Општинскиот штаб заради успешно реализирање на овој план покрај другото ги врши и следните активности:

- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра при опасност и настанување на природни непогоди;
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- раководи со силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организааци вклучени во мерката заштита;
- доколку размерот на опасностите од поплави се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и органицации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно сврзана со задачите од заштита и

засолнување;
- соработува со ораганизацијата на Црвениот крст на Општина Кавадарци;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот штаб за З. и С. го известува Градначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите, и акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
- донесува Упатства за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.
-

### б) Командант на Општински штаб за заштита и спасување

Командантот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за ЗиС покрај другото ги врши и следните активности:
- раководи со штабот и преку него со акциите за заштита и спасување;
- врши конкретна процена на состојбата од настанатата природна непогода која ја предлага на штабот;
- предлага мерките за заштита и спасување на населението и материјалните добра од настанатата природна непогода;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- издава наредба за за упатување на единиците за ЗиС на местото на почетокот на нивното дејствување;
- ги следи активностите на силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување и ја оценува нивната успешност односно неуспешност;
- соработува со Регионалниот и Републичкиот штаб за заштита и спасување и со штабовите за заштита и спасување на соседните општини
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организааци вклучени во мерката заштита и спасување;
- доколку размерот на опасностите од урнатини се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, до Општинскиот штаб дава предлог, преку Градоначалникот на Општината да се бара

помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или од соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општина Кавадарци;
- соработува со државните органи и органицации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита и спасување;
- соработува со ораганизацијата на Црвениот крст на Општина Кавадарци;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, го исвестува Општинскиот штаб за ЗиС, Градначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- за ефикасно и благовремено организирање, раководење, известување за опасностите и акциите за заштита и спасување, ги користи постојните мирно временски врски, средствата за јавно информирање и известување курирските врски на Штабот и на Општината во целина, а особено Центарот за управување со кризи во Општината;
- изготвува или донесува Упатство за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја;
- врши и други задачи и активности кои се во функција за успешно спроведување на мерките за заштита и спасување согласно состојбите на теренот.

### в) Началник на Општински штаб за заштита и спасување

Началникот на Општинскиот штаб заради успешно реализирање на плановите за ЗиС покрај другото ги врши и следните активности:
- учествува во проценување на подготвеноста на силите за ЗиС за дејство во отсранување на последиците од појавената опасност;
- ги спроведува наредбите на Командантот и на Општинскиот штаб;
- го организира воспоставувањето на врските со силите за ЗиС и штабот;
- ја спроведува наредба за проверка на попоплнетоста на Штабот и единицата со воени обврзници и матријално-технички средства;
- по можност извр질шува кратка обука со единиците заради поефикасно користење на матријално-техничките средства;
- ја спроведува наредба за упатување на единиците за ЗиС на местото на почетокот на нивните зафати и нивно извршување;
- во случај на настанување на проблеми во извршување на задачите на штабот или единиците се ангажира за нивни разрешување;
- ја следи активноста на единиците за заштита и спасување и по потрба предлага

нови мерки и задачи;
- учествува во изготвување на информации за преземаните активности;
- учествува во изготвувањето на наредби, одлуки и други акти;
- соработува со началниците на штабовите за заштита и спасување на Регионалниот, Републичкиот, и Општинскиот штабови за заштита и спасување на соседните општини;
- во отсутност на командантот ги презема сите негови надлежности.

## г) Помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени

Помошниците на Началникот заради успешно реализирање на плановите за ЗиС покрај другото ги врши и следните активности:
- во зависност од наредбата, а согласно моменталната состојба на теренот за потребите на силите за ЗиС врши организација за обезбедување на неопходни матријално-технички средства;
- ја спроведуваат Наредбата за упатување на единиците за заштита и спасување на местото на почетокот на нивното ангажирање;
- непосредно соработува и им пружа помош на раководниот кадар на единиците за заштита и спасување со кои располага општината;
- го организираат и го пратат воспоставувањето на врските со оделението за заштита и спасување и штабот;
- го пратат движењето на единиците во правецот на дејствување, односно нејзиното ангажирање во отстранување на последиците и по потреба предлага дали е потребна помош од други единици;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на повредените и ги прати транспортот на повредените до собирните места односно до здравствените установи;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на евакуираните граѓани од подрачја каде настанале урнатините;
- ги организира и спроведува Упатствата донесени од Општинскиот штаб;
- изготвува информации за преземаните активности;
- врши и други работи и задачи кои ги добива од командантот односно штабот за заштита и спасување.

## 6.3. Превентивна медицинска заштита

Превентивна медицинска заштита е делот на медицинска обврска за

превенирање на болестите отколку лекување на истите. Тоа може да се постигне не само со медицински лекувања туку и со методи на подигање на свеста на граѓаните за превенција, а не лекување.

Ова метода на превентивна медицинска заштита може да подразбира и испитување на квалитетот на водата, храната како нејзиното подготвување така и пакувањето, начинот на одржување на хигиената, условите и тн.

Луѓето може да се инфектираат со опасни болести на многу начини. Некои се пренесуваат од животно на луѓе, некои од контаминирана храна или вода, додека други директно од луѓе на луѓе. Овие се инфективни заболувања. Инфективните заболувања секогаш постоеле и многу од нив се контролираат со вакцинација но и на разни други начини.

На подрачјето на Општината Кавадарци можно е да се појават следните заразни заболувања: заразна жолтица, заразна диареа, шуга, гонореа, дизентерија и вошливост, токсинфекција. Истите моментално претставуваат епидемиолошки проблем, меѓутоа во услови на природни непогоди се потенцијален ризик за појава на заразните заболувања во епидемиска форма.

Со оглед на отежнатите услови за живот и работа во услови на природни непогоди и други несреќи, а заради заштита и спасување на населението, потребно е од сите задолжени субјекти да се преземат следните мерки и активности:

- Спречување на појавата на масовни заразни заболувања;
- Републичкиот завод за здравствена заштита и Дирекцијата за храна, во соработка со јавното комунално претпријатие, потребно е да вршат засилена контрола на исправноста и безбедноста на водата за пиење, како и заштитата на здравјето на населението;
- Државниот санитарен и здравствен инспекторат, редовно да преземаат санитарно-хигиенски и противепидемиски мерки;
- Посебни превентивни мерки се превземаат од ветеринарната инспекција која врши контрола на животните и производите од животинско потекло. Исто така санитарната инспекција врши редовна контрола на прехранбените производи кои се наоѓаат во производство и промет на подрачјето на Градот и Општината; Републичкиот завод за трансфузиологија во соработка со организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за обезбедување и доброволно дарување на крв, како и создавање услови за чување одредени количества на крв и крвна плазма кои се неопходни:
- Во случај на повреди на луѓето од било кои природни непогоди особено при масовни несреќи Службата за итна медицинска помош сите расположиви сили и средства ги насочуваат кон спасување на повредените лица;
- Заради спречување на појава на заразни болести и епидемии на подрачјето на

Општината се преземаат соодветни превентивни мерки од надлежните органи за масовно здравствено просветување на населението;

- На местата каде се појавени заразни заболувања или каде се случени вонредни состојби, Заводот за здравствена заштита презема мерки да се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација со кои треба да бидат обезбедени соодветни средства за нивно изведување;

Примарна цел во услови на природни непогоди и други несреќи преставува заштитата на населението и материјалните добра, односно прифаќање, заштита и медицински третман на населението кое останало без основни услови за живот или е повредено или трауматизирано со настанување на природната непогода.

За да не дојде до вакви ширења на заразни и други болести Здравствените установи треба да имат предвид да делуваат превентивно за да не дојде до нив или да не дојде до ширење на таквите појави после настанатата непогода.

Во вакви случаеви треба да функционира превентивна медицинска заштита која се организира од Здравствените институции а која може да биде со вакцинирање против болести за кои се стравува дека може да се појавуваат во вакви ситуации, со давање совети на граѓаните за начинот на одржување лична хигиена, миење на раце со сапун и вода, миење или проверување на продуктите кои ги консумираме, како и со појавување на најмал сомнеж за некаква болест итно јавување кај надлежните и најблиските Здравствени установи или пунктови.

Здравствените организации и установи при вонредни состојби работат во зголемен обем и создаваат услови да се укаже потребна медицинска помош, особено хируршкиот третман на повредените и настраданите. Заводот за трансфузиологија со крв како и организацијата на Црвениот крст се грижат за спроведување на акциите и програмата за доброволно дарување на крв. Во Заводот се создадени услови да се чуваат одредени количини на крв и крвна плазма кои се неопходни при вонредни состојби.

Покрај тоа во здравствените организации и болници со одредени тешкотии ќе се обезбедуваат основните количини на лекови кои се исклучително потребни во случај на вонредни состојби и други несреќи.

## 6.4. Заразни болести и епидемии

### 6.4.1.Превентивни мерки за заштита

Заради заштита од заразни болести и епидемии на подрачјето на Градот и

Општината се преземаат соодветни превентивни мерки од надлежните органи и организации како масовно здравствено просветување на населението. Приоритетни цели од доменот на епидемиологијата се:

- одржување на резултати постигнати со ередикација на детската парализа;
- елиминација на тетанусот кај новороденчињата;
- континуирано спроведување на задолжителна имунизација;
- намалување на морбитетот од останатите вирусни хепатитиси- редуцирање на опасноста од внесување и ширење на маларија;
- намалување на опасноста од внесување и ширење на колера и други тропски и паразитно заболувања;
- редукција на заболувања кои се пренесуваат по полов пат;
- превенција на СИДА;
- спречување и сузбивање на заразните заболувања од поголемо епидемиолошко и социјално значење;
- следење и проучување и анализи на хроничните незаразени заболувања.

Во рамките на Заводот за здравствена заштита на Град Кавадарци работи отсекот за дезинфекција, дезинсекција и дератизација кој има задача да ја реализира посебната програма за превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целото подрачје на Градот.

Со решавањето на задоволителен начин на снабдувањето со вода за пиење на населението во Општината се придонесува да се намали бројот на заболените од групата на цревни заразни болести и се поретко овие болести да се јавуваат во форма на епидемии.

Затоа покрај другите мерки и активности кои ги спроврдуваат Републичкиот и регионалните заводи за здравствена заштита со нивните подрачни едеиници, приоритетна задача преставува вршењето на континуиран мониторинг и евалуација на санитарно- хигиенската состојба на водоснабдувањето на населението, на објектите за водоснабдување и на безбедноста на водите за пиење.

### 6.4.2. Оперативни мерки за заштита

Во случај да се појават заразни заблувања кај одделни лица или во поедини места на подрачјето на Општината се преземаат конкретни активности за истражување на заболените од заразни болести. При тоа соработува со здравствените установи и ги утврдува основните параметри на појавената опасност.

По предлог на стручните анализи и наоди на здравствената служба се преземаат соодветни мерки да се спречи ширењето на заразните болести на останатите реони во Градот или нови заболувања со тоа што се врши изолирање на

изворите на заразата.

На местата каде се појавени заразни заболувања или каде се случени вонредни состојби Заводот за здравствена заштита презема мерки да се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација со кои треба да бидат обезбедени соодветни средства за нивно изведување.

Здравствениот дом на Градот како единствена организација во случај на појава на вонредни состојби ја врши оганизацијата и го спроведува вакцинирањето на населението заради негова заштита од појава и ширење на заразните болести. При тоа се формира посебен стручен штаб за карантински болести кој ја следи состојбата и дава известување на органите во општинтие и Градот и на населението и предлага оперативен план за активности при појава на заразни болести, односно пандемија.

## 6.5. Акциденти на отровни и опасни материи

### 6.5.1.Превентивни мерки за заштита

Превентивните мерки за заштита од опасните материи најчесто се применети преку функционирањето на разни автоматски системи за откривање, јавување и следење на условите на непосредна опасност или во услови на веќе настанат акцидент. Посебно е значајно доследното применување на законските прописи при производство, ускладиштување и транспорт на отворените и експлозивните материи.
Редовно да се врши техничка контрола на исправноста на постројките и апаратите во кои се чуваат или преработуваат опасните материи.

Во порецесот на производството, транспортот и манипулацијата со опасните материи да се обезбеди крајно дисциплиниран однос кон работата и ракувањето со отровните и експлозивните материи.

Да се преземаат активности за обучување на населението во околината на хемиската индустрија со цел да се запознаат со карактерот на евентуалната загаденост на воздухот и водата и со примена на заштитните мерки.

### 6.5.2.Оперативни мерки за заштита

Во случај да настанат акцидентни појави во одделни претпријатија од помали размери службата за заштита и другите органи преземаат итни оперативни мерки да се спречи натамошното ширење на појавата и да се одстранат настанатите последици.

Ако настанатата појава е од поголеми размери тогаш итно се ангажираат стручните организации и органи во Градот за укажување на прва медицинска помош,

спасување на повредените лица, згрижување на настраданите и вкупно одстранување на последици. Во зависност од елементарната несреќа, местоположбата на настанување, на несреќата, последиците од истата и потребите за давање на прва помош и неопходно згрижување на повредените се определуваат собирни места за прифаќање на повредени и тоа:

- помошници на Началникот за мерките за кои се задолжени;
- во зависност од наредбата а согласно моментната состојба на теренот за потребите на силите за ЗиС врши организација за обезбедување на неопходни матријално-технички средства;
- ја спроведуваат Наредбата за упатување на единиците за заштита и спасување на местото на почетокот на нивното ангажирање;
- непосредно соработува и им пружа помош на раководниот кадар на единиците за заштита и спасување со кои располага општината;
- го организираат и го пратат воспоставувањето на врските со оделението за заштита и спасување и штабот;
- го пратат движењето на единиците во правецот на дејствување, односно нејзиното ангажирање во отстранување на последиците и по потреба предлага дали е потребна помош од други единици;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на повредените и ги прати транспортот на повредените до собирните места односно до здравствените установи;
- ја организира и следи состојбата во собирните места за прифаќање на евакуираните граѓани од подрачја каде настанале урнатините;
- ги организира и спроведува Упатствата донесени од Општинскиот штаб;
- изготвува информации за преземаните активности;
- врши и други работи и задачи кои ги добива од командантот односно штабот за заштита и спасување.

## 6.6.План на активности за прва медицинска помош

## 6.7.Преглед на здравствени установи предвидени за прва медицинска помош

| Р. бр | Вид на активности | Извршител | Соработува | Место | Средства | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
| 1. | Пронаоѓање на повредените и заболените за давање ПМП | Екипи за спасување Единици за ЗС Граѓаните | Екипи за ПМП Екипи на Црвен Крст Здравствени установи | На местото на настанот | Формациски и прирачни средства за ПМП | |
| 2. | Собирање и пренесување на повредените и заболените до прифатните станици и пунктовите | Екипи за ПМП Екипи за Црвен Крст Единици за ЗС | ПС Кавадар ПШЗС ОШЗС | Собирни пунктови Здравствени станици | Санитетски возила Патни возила Трактори Камиони | |
| 3. | Вршење тријажа на повредените и заболените | Медицински екипи | / | Прифатни станици и пунктови | / | |
| 4. | **Давање Прва медицинска помош** | Екипи за ПМП Екипи на Црвен Крст | Единици за ЗС | -//- | Санитетски средства за ПМП Прирачни средства | По една екипа за секоја станица |
| 5 | Превоз на заболени и повредени од здравствените установи | Екипи за транспорт | Трансп. опг. Такси служ. ПС- Кавад. | / | Санитетски возила Патни возила Трактори Камиони | |
| 6. | Хоспитализација и медицинска обработка на повредените болните | **Медицински установи** | / | Кавадарци<br>Г. Бошава | | Медицински установи дадени во прегледот |

| Општина Кавадарци | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Р. бр.** | **Назив** | **Адреса** | **Одговорно лице** | **Бр. на враб.** | **Телефони** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1. | ЈЗУ Општа Болница | Шишка 6б | Ангелевски Орце | 209 | 413-315 |
| 2. | Здравствен дом | Киро Крстев | Јанески Љупчо | 149 | 413-205,194, 075-736-009 |
| 3. | ЈЗУ, ЗЗ-Велес ОЕ- Кавадарци | Браќа Миладиновци | Ристо Јованосвски | | 413-807 071-219-276 |
| 4. | Црвен крст | Браќа Миладиновци | Роза Илова | 2 | 412-936 070-239-352 |
| 5. | ПЗУ Интермедикус | Ресавска 13 | Влатко Симоновски | 3 | 070-218-268 412-035 |
| 6. | ПЗУ “Асклепиј” | 1-ви Мај 1 | Ангел Роп Ангелов | 2 | 070-234-131 413-311 |
| 7. | ПЗО Биомедикус | Кирил и Методи 10 | Ирена Николова | 2 | 070-532-583 410-752 |
| 8. | ПЗО Медикус | Климент Охрисдки 6 | Јован Гурев | 8 | 410-464 |
| 9. | ПЗУ Неуромедикус | Рајна Соколова | Анета Јовановска Илова | 2 | 413-526 070-612-714 |
| 10. | ПЗУ Целзиус | Ленинова 6 | Ленче Врангалова | 3 | 415-123 |
| 11. | ПЗУ Симбимед | Цано П. Ристов | Ванчо Костадинов | 5 | 411-321 075-457-174 |
| 12. | ПЗО Рија Медика | Илинденска | Розика Невчева | 2 | 411-052 070-955-603 |
| 13. | ПЗУ Венус | Едвард Кардељ 17/4 | Јован Трајковски | 2 | 415-872 071-658-615 |

## 6.8. Преглед на средства и опрема за ПМП со која располагаат здравствените установи

| Р. бр. | Установа | Опрема –МТС | | | Возила | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Назив | Бр. | Исправн | Назив | Бр. | Исправн | |
| 1. | **Општа Болница** | Ренген апар.<br>Комп. опрема за лабараторија<br>ЕХО | повеќе<br><br>1<br>1 | | Санитетски возила | 2 | | Постои друга опрема во одд. и амбулантите |
| 2. | ЈЗУ Здравствен Дом | Санитетска опрема | | | | | | Располага со апаратура и др. санитетска опрема |
| 3. | ПЗУ Интермедикус | ЕКГ, ЕХО | 1 | | Лека кола | 1 | | |
| 4. | ПЗУ “Асклепиј” | ЕКГ, ЕХО | 1 | | Лека кола | 1 | | |
| 5. | ПЗО Биомедикус | | | | | | | |
| 6. | ПЗО Медикус | Ултразвук<br>ЕХО<br>Лаб. опрема<br>Дефирилат. | <br>2<br>1<br>1 | | Лека кола<br>Лада Нива | 1<br>1 | | |
| 7. | ПЗУ Неуромедикус | Аспиратор | 1 | | | | | |
| 8. | ПЗУ Целзиус | | | | | | | |
| 9. | ПЗУ Симбимед | ЕХО<br>Лаб опрема | 1<br>1 | | | | | |
| 10. | ПЗО Рија Медика | ЕКГ,<br>ЕХО | 1<br>1 | | | | | |
| 11. | ПЗУ Венус | ЕХО | 1 | | | | | |
| 12. | ПЗУ Медикамент | Ултразвук | 1 | | | | | |
| 13. | ЈЗУ ЗЗЗ - В | Компл. лабр. | 1 | | | | | |

## IV. 6.9.Преглед на локации на здравствени станици и пунктови

| Р. бр. | Населено место | Л о к а ц и ј а | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| | | Други станици во селата | Здравствени пунктови во селата | |
| 1. | Дреново | Дреново, Шешеково, Возарци, Шивец, Фариш, Раец, Ќесендре, Галиште | / | |
| 2. | Росоман | Росоман, Паликура, Манастирец, Трстеник | / | |
| 3. | Сирково | Сирково, Крушевица, Мрзен Ореовец, Камен Дол, Дебриште | / | |
| 4. | Бегниште | Бегниште, Ресава, Дабниште, Кошани, Дргаожел, Гарниково | / | |
| 5. | Бојанчиште | / | Бојанчиште, Куманичево | |
| 6. | Рошден | Рожден, Арничко, Мајден, Мрежичко | / | |
| 7. | Конопиште | / | Конопиште, Михајлово, Горна Бошава | |
| 8. | Крњево | Крњево, Бошава, Чемерско, Бохула, Страгово, Радња | / | |
| 9. | Сопот | **Сопот, Марена** | / | |
| 10. | Ваташа | **Ваташа** | / | |
| 11. | Кавадарци | **Кавадарци, Глишиќ** | | |

**6.10. Преглед на количини на лекови и друг санитетски материјал и места на нивните локации**

| Р. бр. | Здравствена установа | Вид на лекови | Санитетски материјал | Количина | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Бр. | Кг. |
| 1. | ЈЗУ Општа Болница Кавадарци | | | | |
| 2. | ЈЗУ Здравствен Дом Кавадарци | PUC UPRIC + IGLI | SAN GABA | 25sc | |
| | | Antihistaminici | SAN PAMUK | 70sc | |
| | | Analgetici, | SAN MASNI | | 200 |
| | | Dermaetic ung, | SAN RAKAVICI | | 2 |
| | | Sprej protiv VRR, | | | 400 |
| | | Zavoj, | | | 400 |

Напомена: Количините се променливи

## 6.11. Преглед на расположиви транспортни срдства за итна интервенција

| Р.бр. | Здравствена установа | Транспортно средство | Бр. | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. |
| 2. | ЈЗУ Општа Болница Кавадарци | **Амбулантско возило - комбе** | 4 | |
| 3. | ЈЗУ Здравствен Дом Кавадарци | **Амбулантско возило - комбе** | 2 | |

# ПЛАН ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД

# ПОЖАРИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# И НА ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ

Кавадарци 2020 година

Содржина:

I
7.1. Потсетник за употреба на планот;
а) При непосредна опасност
б) При активна состојба

7.2. Организација на превентивните мерки за заштита од пожари во станбени. деловни и други објекти;

7.3. Преглед на потенцијалните зони на пожари;

7.4. Преглед на единиците за заштита од пожари, со план за употреба на истите по реони и објекти;

7.5. План на активности за заштита и спасување од пожари;

7.6. Список на поважни телефонски броеви на одговорните субјекти на територијата на Општина Кавадарци;

II
7.7. Потсетник за гаснење на пожар на отворен простор;

7.8. Раководење во услови кога во гаснењето на пожарот се ангажирани само силите и средствата на претпријатието кое стопанисува со опожарените површини;
а) Штаб – Директор;
б) Раководител на гаснењето;
в) Раководители на сектори;

7.9. Раководење во услови кога во гаснењето на пожарот е ангажирана територијалната противпожарна единица, претпријатието кое стопанисува со опожарените површини, месното население и другите сили;

а) База – ТППЕ;
б) Раководител на гаснењето;
в) Раководители на сектори;

7.10. Раководење со гаснењето на пожари на отоворен простор во услови кога во гаснењето се ангажирани маневарските сила на ЗС;

7.11. Раководење во услови на пожарот кога од една погодна локациска точка може да се набљудува целата фронтална линија на пожарот или најголемиот нејзин дел;
а) Подрачен штаб на ЗС;
б) Раководител на гаснењето;
в) Раководители на сектори;

7.12. Раководење со гаснењето на пожари на отворен простор во услови кога се ангажирани маневарските сили на ЗС, а се врши зонирање;

7.13. Раководење со гаснењето на пожари на отворен простор во услови кога гаснењето на пожарот се ангажирани маневарските сили на ЗС, а се вклучени и воздухоплови;

7.14. Раководење со гаснење на пожари на отворен простор во услови кога во гаснењето на пожарот се ангажирани маневарските сили на ЗС, а пожарот зафатил простор на повеќе општини;

7.15. Стандардни оперативни процедури за редоследот и постапката за ангажирање на персонални и материјални ресус при локализирање и гаснење на пожари на отворени простори.

7.1. Потсетник за работа за употреба на планот

а) При непосредна опасност

- Врши ажурирање на планот за заштита и спасување од пожари;
- Врши проверка на мобилизациските места на единиците и тимовите за ППЗ;
-Врши контрола на пополнетоста на единиците за ППЗ со луѓе и МТС и превзема соодветни мерки за дополнување;
- Врши контрола на плановите за ППЗ во позначајните претпријатија индустриски комплекси, а воедно и на нивната оперативна спремност;
- Учествува во организирањето и извршувањето на обука со единиците за ППЗ и населението за самозаштита од пожари;

- Во соработка и координација со останатите фактори во општината, превзема (иницира) мерки за овозможување на проодност (пристапност) во загрозените реони во градот;

- Врши координација со останатите субјекти во општината кои имаат обврски за заштита и спасување од пожари (ОШЗС, ПС и други) заради ускалдување на планираните активности, усогласување на компетенциите и командувањето при спроведување на акциите за гасење;

### б) При активна состојба

- Учествува во прибирање и средување на податоците добиени од теренот;

- Учествува во процената на настанатите последици и дава предлог за превземање на соодветни мерки (употреба на единиците и другите расположиви сили и средства);

По потреба врши извидување (увид) на лице место во најзагрозените реони;

- Врши координација со останатите кои учествуваат директно и индиректно во заштитата и од пожари – спасување од пожари;

- Прима извештаи, учествува во припремање на наредби и други документи за единиците и припрема извештаи за претпоставената команда;

## 7.2. Организација на превентивните мерки за заштита од пожари во станбени. деловни и други објекти

За да се намали и спречи појавата на пожарите во станбените и стопанските објекти се преземаат најразлични превентивни мерки заштита од пожар и тоа:

- Контрола при изведба на објектите за реализацијата на ПП мерките во Проектот за заштита од пожари;

- Обезбедување соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари;

- Поставување на знаци за забрана и предупредување во објектите и простории кои произведуваат, користат и складираат запаливи и експлозивни материи;

- Вршење обука за правилно ракување со средствата за ПП заштита;

- Редовно одржување на инсталациите, уредите и постројките во исправна состојба согласно техничките прописи.

## 7.3. Преглед на потенцијалните зони на пожари

- Западна индустриска зона (ВВ „Тиквеш“......................ИГМ)
- Источна индустриска зона (Трикотекс-Сонитекс-Печатница----ЈП М.шуми)
- МЗ „Задругар“
- МЗ „Браќа Досеви“

## 7.4. Преглед на единиците за заштита од пожари

- Специјализирана единица (одделение) за заштита од пожари (17/17).
- Територијална ПП единица-Кавадарци (24/24).
- Професионален вод за гасење пожари при Фени Индустри (20/20).
- Вод за ЗС од пожари при ЕЛС Кавадарци (32/0).
- Одделение за ЗС од пожари при ЕЛС Росоман (10/5).
- Одделение за ЗС од пожари при ВВ „Тиквеш“ (10/10).
- Вод за гасење шумски пожари при ЈП Македонски шуми -подрачна „Бор“ Кавадарци (30/30).

*ЈП располага и со 1 пп возило и обучена екипа за гасење пожари во урбана средина (5/5).

- Одделение за гасење пожари при ЈП Комуналец Кавадарци (10/10).

## 7.5. План на активности за заштита и спасување од пожари

| Р.бр. | Вид на активност | Извршител | Соработува | Место | Средства | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Извидување на реоните и објектите зафатени со пожари | -Извидуваки екипи на ЗС<br>-ПП единици | -РЦУК-К<br>-ПС Кавад.<br>-МЗ<br>-Претпријатија<br>-Граѓани | Реони и објекти зафатени со пожари | Превозни средства<br>-Средства за врски | -Во надворешното извидување,а посебно во известувањето и давањето податоци учествуваат сите субјекти |
| 2. | Ангажирање на ПП и другите единици | ПШЗС-Кавадарци | -ОШЗС<br>-ЕЛС<br>-ПС<br>-Претпријатија | -//- | -Формац. средства Прирачни средства | Претходно граѓаните се ангажираат за самозаштита |
| 3. | Локализирање и гасење на пожарите | -Маневарска спец.единица<br>-ТППЕ | -Останати единици за ЗС (универзални) | -//- | -Формац. средства Прирачни | За гасење на шумските пожари |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | -ПП единици во претпријатијата | | | средства | претежно се ангажира ЈП М Шуми-„Бор“ |
| 4. | Спасување на луѓето и материјалните добра од просторите и објектите за фатени со пожар | -ПП единици<br>-Единици за спасување од урнатини | -Единици за расчистување<br>-Единици за ПМП<br>-Екипи на Црвен Крст | -//- | -Потребен алат и средства Градежни машини и превозни средства | |

## 7.6. Список на поважни телефонски броеви на одговорните субјекти во општината

-Полициска станица Кавадарци.......................................192 и 410-310
-ТППЕ Кавадарци.....................................................................193 и 410-141
-Брза помош...............................................................................194
-ЈЗУ Здравствен дом................................................................414-205
-ЈЗУ Општа болница................................................................413-315
-РЦУК-Кавадарци.....................................................................195 и 413-826
-Дирекција за заштита и спасување.............................415-226
-ЕЛС Кавадарци........................................................................416-107
-ЕЛС Росоман.............................................................................441-331
-ЈП М.Шуми-„Бор“...................................................................412-140
-ЈП Комуналец...........................................................................410-351
-ВВ „Тиквеш“..............................................................................414-304
-Фени Индустри.........................................................................414-402, 421-277

## 7.7. Потсетник за гаснење на пожар на отворен простор

Потсетникот за гаснење на пожарот има за цел да ги конкретизира редоследот и постапката за ангажирање на силите и средствата при локализирање и гаснење на пожари на отворени простори.

Раководењето со гаснењето на пожарите на отворен простор е многу битен фактор, бидејќи тоа треба да обезбеди оптимален временски период, со минимум

потребни сили и средства, а со најмалку штетни последици, пожарот да се локализира и изгасне.

Зависно од големината на пожарот и ангажираните сили и средства за негово гаснење, системот на раководење со гаснењето на пожари на отворен простор е:

а) Раководење во услови кога во гаснењето на пожарот се ангажирани само силите и средствата на претпријатието кое стопанисува со опожарените површини;

б) Раководење во услови кога во гаснењето на пожарот е анагжирана територијална противпожарна единица, претпријатието кое што стопанисува со опожарените површини, месното население и другите сили;

в) Раководење во услови кога во гаснењето на пожарот се ангажирани маневарските сили на заштита и спасување;

г) Раководење во услови кога во гаснењето на пожарот се ангажирани маневарските сили на ЗС, а при гаснењето се врши зонирање;

д) Раководење во услови кога во гаснењето на пожарот се ангажирани маневарските сили на ЗС, а во гаснењето се вклучени и воздухоплови; и

ѓ) Раководење со гаснењето на пожари на отворен простор во услови кога во гаснењето се ангажирани маневарските сили на заштита и спасување, а пожарот зафатил простор на повеќе општини.

При гаснењето на пожари од помали размери, кога опожарената површина претставува еден “пожарен сектор” и овозможува организирање на само еден сектор на гаснење, раководителот на гаснењето непосредно раководи со ангажираните сили, односно акцијата.

Функцијата на раководењето со гаснењето на пожарите е многу посложена при гаснењето на големите пожари кои зафатиле големи простори и за чие гаснење се ангажирани бројни сили и средства. Во такви услови неопходно е јасно дефинирање и доследно извршување на задачите на сите учесници во системот на раководење, според однапред утврдената шема на организирање на акцијата.

Шемата на организацијата на раководење со гаснењето на пожарите на отворен простор е прикажан во прилог според кој во хиерархиската поставеност постојат три нивоа и тоа:

БАЗА – ШТАБ
РАКОВОДИТЕЛ НА ГАСНЕЊЕТО
РАКОВОДИТЕЛИ НА СЕКТОРИ

**7.8. Раководење во услови кога во гаснењето на пожарот се ангажирани само силите и средствата на претпријатието кое стопанисува со опожарените површини;**

Шема број 2

а) Штаб – Директор

Состав: Го сочинуваат лицата определени со Оперативниот план на претпријатието, на чие чело е директорот на истото.

Локација: Се лоцира по правило во објект на претпријатието во кој се обезбедени и функционираат средствата за врски, нагледни карти, плански и други документи, како и други помагала.

Задачи: Според расположливите информации ја уврдува локацијата и големината на пожарот, условите кои влијаат на развојот и ширењето на пожарот, планира и обезбедува потребни сили опрема и средства за гаснење, го определува раководителот на гаснењето, ја следи состојбата на пожарот, обезбедува додатни сили и средства за гаснење, опрема, храна, вода, медицинска заштита и друго, ги информира надлежните субјекти во општината за состојбата со пожарот и за тековните активности, комуницира со средствата за јавно информирање, врши и други активности определени со оперативниот план.

б) Раководител на гаснењето:

Избор: Се определува со Оперативниот план на претпријатието или од страна на директорот на истото, од редот на раководните работници на претпријатието, стручно оспособени за гаснење на пожари кој добро го познава теренот и поседува авторитет за раководење.

Локација од која дејствува: Се наоѓа на местото од каде што визуелно може да се набљудува фронталната линија на пожарот или поголемиот нејзин дел, опремен со радио врскаи, двоглед, нагледни карти, теренско возило и други помагала.

Задачи:По непосредното извидување на пожарот како и расположивите информации за истиот врши проценка за потребните сили, опрема и средства за гаснење на пожарот, ги определува секторите на гаснење, ја определува тактиката на гаснењето, ги определува раководителите на сектори и ги дефинира нивните задачи, го следи текот на гаснењето, на раководителите на сектори им издава наредби и иснтрукции, одлучува за прегрупирање на силите, според негова оценка се врши замена на гасначите, постојано одржува врска со штабот каде што информира за текот на гаснењето и состојбата со пожарот, а до него ги упатува и сите побарувања во врска со гаснењето. По локализирање на пожарот определува мобилна екипа за дежурство, до целосно изгаснување на истиот, а превзема и други активности сврзани со гаснењето на пожарот.

в) Раководители на сектори:

Избор: Ги определува раководителот на гаснењето, така што на секој сектор на гаснењето се определува раководител. Раководителите на сектори се лица стручно оспособени, здрави, физички издржливи, авторитетни и искусни за гаснење на пожари на отворен простор.

Локација: Местото на работното ангажирање на раководителите на сектори е делот од фронталната линија на пожарот која е определена како нивни посебен сектор за гаснење. Раководителите на сектори се опремени со радио врски и со други помагала.

Задачи: Непосредно раководат со извршувањето на оперативно тактичките задачи на нивните сектори, вршат распоред на гасначите по сектори и ги определуваат нивните задачи, комуницираат со раководителите на соседните сектори, редовно го известува раководителот на гаснењето за состојбата со пожарот на нивните сектори до кого ги упатува и побарувањата во врска со гаснењето.

**7.9. Раководење во услови кога во гаснењето на пожарот е ангажирана територијалната противпожарна единица, претпријатието кое стопанисува со опожарените површини, месното население и другите сили;**

Шема број 3

а) База – ТППЕ

Локацијата е во седиштето на ТППЕ:

Задачи: Ја утврдува локацијата, големината и условите на пожарот, обезбедува потребни сили и средства за гаснењето на пожарот, преку градоначалникот на општината обезбедува додатни сили и средства за гаснење до исцрпување на неговите овластувања, го известува раководителот на ПЕМО за настанатиот пожар, бара од МВР да превземе соодветни активности за ангажирање на маневарски сили на ЗС, превзема и други активности заради обезбедување на услови за успешно гаснење на пожарот.

**б) Раководител на гаснењето:**

Избор: Раководителот на гаснењето е командирот на ТППЕ, а за гаснење на помали пожари за раководител на гаснењето може да се определи и друг работник на ТППЕ, од редот на командирскиот кадар.

Локација и задачи: Исти се како во 1 и 2 точките.

**в) Раководители на сектори**

Определувањето, местото на работното ангажирање и задачите се исти како во точките 1 и 3.

**7.10. Раководење со гаснењето на пожари на отоворен простор во услови кога во гаснењето се ангажирани маневарските сила на ЗС**

Во услови кога во гаснењето на пожари на отврен простор се анагжирани маневарските сили на ЗС, во зависност од големината и условите на пожарот, раководењето со гаснењето се организира по една од следните шеми:

**7.11. Раководење во услови на пожарот кога од една погодна локациска точка може да се набљудува целата фронтална линија на пожарот или најголемиот нејзин дел;**

Шема број 4

Во услови на пожарот кога фронталната линија на истиот или најголемиот нејзин дел може да се набљудува од една локациска точка, од која раководителот на гаснењето успешно може да раководи, хиерархиската поставеност и организираност на “моделот” на раководење со гаснењето е:

Републички штаб за ЗС

Општински штаб за ЗС

Раководител на гаснењето

Раководители на сектори

**а) Општински штаб за ЗС**

Општинскиот штаб заради успешно реализурање овој план покрај другото ги врши и следните активности:

- врши процена на заштита и спасување на луѓето и материјални добра;
- ги утврдува мерките за заштита и спасување на населението и матријалните добра при опасност и настанување на природни непогоди;
- ја прати состојбата на теренот, прибира податоци, врши анализи и го известува Советот и Градоначалникот за преземени мерки и активности;
- ги утврдува собирните места за прифаќање на повредените граѓани;
- раководи си силите за заштита и спасување ангажирани во спроведувањето на соодветна мерка за заштита и спасување;
- соработува со штабовите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби и со другите органи и организааци вклучени во мерката заштита од пожари;
- доколку размерот на опасностите од пожари се од таков карактер што организираните сили на Општината не се во состојба да се носат со истите, Општинскиот штаб дава предлог до Градоначалникот на Општината да се бара помош од Регионалниот, Републичкиот штаб или соседните Општини за учество на нивни сили за заштита и спасување на подрачјето на Општината Карпош;
- воспоставува посебна соработка со државните органи и органицации, службите и претпријатијата чија дејност е непосредно е сврзана со задачите од заштита од пожари;
- соработува со ораганизацијата на Црвениот крст на Општина Карпош;
- за превземените мерки во текот на својата мобилност и работа, Општинскиот штаб за З. и С. го исвестува Градначалникот и Советот на Општината при што за одредени поголеми и важни решенија во ангажирање на материјални средства бара и нивна согласност;
- обезбедува услови за ефикасно и благовремено известување за опасностите, и акциите за заштита и спасување, особено преку Центрите за управување со кризи во Општината и Градот;
-донесува Упатсва за мерки, задачи, активност и носители за воспоставување и одржување на ред во настраданите зони и Упатство за постапка на граѓаните во загрозените подрачја.

Локација: Се лоцира во определен објект или простор каде што се обезбедени и функционираат средствата за врски, нагледни карти, плански документи и други помагала што поблиску до местото на пожарот.

Задачи: Ја утврдува локацијата, големината и условите на пожарот обезбедува потребни сили, опрема и средства, за гаснење, го определува раководителот на гаснењето, утврдува стратегија за гаснење, се грижи за обезбедување храна, вода и медицинска заштита, по потреба според можностите се обезбедува логорување за гасначите, комуницира со средствата за јавно ингормирање, ја следи состојбата и

текот на активностите, превзема и други потребни мерки и активности до целосно изгаснување на пожарот.

**б) Раководител на гаснењето**

Избор: По правило за раководител на гаснењето се определува членот на општнскиот штаб за ЗС по мерката заштита од пожари. Во зависност од условите на пожарот, раководителот на гаснењето има и помошници кои исто така ги определува општнскиот штаб на ЗС од своите членови.

Локација: Лоцирањето и задачите се исти како и во точките 1 и 2.

**в) Раководители на сектори**

Определувањето место на работно ангажирање и задачите се исти како во точка 1 и 3.

**7.12. Раководење со гаснењето на пожари на отворен простор во услови кога се ангажирани маневарските сили на ЗС, а се врши зонирање**

Шема број 5

При гаснењето на пожари на отворен простор од големи размери чија фронтална линија е релативно голема, а конфигурацијата на теренот таква што раководителот на гаснењето не е во состојба успешно да раководи со сите сектори на гаснење, тогаш се врши зонирање на пожарот. Зоната на гаснење треба да претставува релативно дефиниран дел од пожарот, за чие раководење со гаснење на истата се определува раководител на зона.

Хиерархиската поставеност и организацијата на раководење со гаснење на пожари на отворен простор, во услови кога се врши зонирање е иста како во III.А. со единствена разлика, наместо еден раководител на гаснењето има двајца или повеќе раководители на зони (на колку што зони е поделен пожарот).

**7.13. Раководење со гаснењето на пожари на отворен простор во услови кога гаснењето на пожарот се ангажирани маневарските сили на ЗС, а се вклучени и воздухоплови**

Шема број 6

При гаснењето на пожари на отворен простор, во услови кога се ангажирани маневарските сили на ЗС, а во гаснењето се вклучени и воздухоплови, раководењето со гаснењето е како кај III.A. со следното дополнување:

Во составот на општнскиот штаб на ЗС (III.A.1.) и на раководителот на (III.A.2.) се приклучуваат стручни лица согласно оперативниот план на сопствениците на воздухоплови за нивно ангажирање во акциите за гаснење на пожарите.

Задача на членот приклучен на општнскиот штаб на ЗС е да му прега на штабот превземање на активности за обезбедување на услови за непречено учество на воздухопловите во гаснењето на пожарот (површина на полетување и слетување, полнење на вода, обезбедување на гориво, следење на метеролошки услови и др.).

Задачи на лицето (по правило пилотот) приклучено на раководителот на гаснењето се: одржува врска со воздухопловите и леталиштето на кое тие се полнат со вода и гориво, по оценка на раководителот на гаснењето, воздухопловите ги наведува на делот од пожарот на кој тие треба да интервенираат го запознава раководителот на гаснењето со техничките можности на воздухопловите за гаснење, со оглед на конфигурацијта на теренот и др.

**7.14. Раководење со гаснење на пожари на отворен простор во услови кога во гаснењето на пожарот се ангажирани маневарските сили на ЗС, а пожарот зафатил простор на повеќе општини**

Шема број 7

Во услови на пожарот кој што зафатил простор на две или повеќе општини, а за гаснењето на истиот се ангажирани маневарските сили на ЗС, хиерархиската поставеност и организираност на “моделот” на раководење со гаснењето е:

Републичкиот штаб за ЗС

Општнскиот штабови за ЗС

Раководителите на гаснењето

Раководителите на сектори

Републички штаб за ЗС:

а) Се лоцира во објект, односно просторно определен во планските документи на штабот;

